## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шестото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 јануари 2008 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,14 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија, господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да повелат да влезат во салата, започнуваме со работа со денешната седница.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата да повелат да влезат во салата за да можеме да започнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Љубчо Георгиевски, Благој Зашов, Јован Манасиевски, Андреј Жерновски, Оливер Шамбевски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Неждет Мустафа, Илинка Митрева, Славица Грковска, Фијат Цаноски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Ружди Матоши, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани и Данаел Дончев ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 10 - Предлог на закон за определување дополонителен услов за вршење јавна функција.**

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Амандман 1 од списокот што го имаме на став 2, се однесува во досието на органите на Државна безбедност на Република Македонија и цивилните и армиски органи за државна безбедност на СФРЈ.Тој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Да, тој е на член 2 став 1.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа. Ќе ги прочитам. Амандманот на член 2 став 1, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Тоа се предлагачите.

До ндеоразбирање дојде затоа што седницата на времето пред долго време беше наврапито прекината во сред расправа по амандманот.

Значи, амандманот се прифаќа и неговиот тескт станува составен дел на текстот на законот.

Во меѓувреме предлагачот на законот пратеникот Стојан Андов поднесе амандман на член 4 за менување на ставовите 6 и 7 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Истовремено, предлагачот на законот пратеникот Стојан Андов го повлече амандманот на член 4 за менување на ставовите 6 и 7 и за додавање два нови ставови 8 и 9 по ставот 7 под архивски број 07-194/1 од 11 јануари 2008 година.

Отворам претрес по амандманот на член 4 ставови 6 и 7, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господинот Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Процедурално повелете.

**Владо Бучковски:** Амандманот го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нова точка 1 -а по точката 1 и на точките 7 и 25, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа во овој текст, но суштински, во мојот амандман 3 поднесен на 29.05.2007 година е вграден и уште е

на сила, вградено е и прецизирано предложеното решение во овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

**Владо Бучковски:** Го повлекуваме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 11, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Јаован Манасиевски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа.

Со мојот амандман 3 поднесен на 29.05.2007 година е извршено дополнување и е прецизирано дека одредбите од законот се однесуваат на раководните лица вработени во Народната банка. Делумно е прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Точно така, значи со она што имаме предложен амандман не е во целост исто она што и ние го предлагаме со господинот Манасиевски, но во секој случај се подобрува текстот на законот, се постигнува целта која што и ние имавме намера да ја постигнеме и токму поради тоа го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 16, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман не е прифатен.

За збор се јави госпоѓа Топузова Каревска Роза.

**Роза Топузова Каревска:** Иста е ситуацијата и со овој амандман. Морам да кажам во оваа ситуација дека при изготвувањето на законот, предлагачот водеше сметка за сите забелешки, односно за најголем број забелешки кои што ние ги искажавме во дебатата и одредени работи се вградени дополнително во амандманите од страна на предлагачот.

Значи, иако не е токму така како што ние предлагаме, но во секој случај и ова е содржано во еден од амандманите. Поради тоа го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 точка 18 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Јас мислев дека за овој амандман можеше да разговараме со предлагачот да се прифати, или барем да најдеме некое заедничко решение, со кое што ќе го подобревме текстот на законот, затоа што за што се однесува точката 18 јас чувствувам должност да објаснам кој треба да биде опфатен со лустрацијата. Вели, одговорно лице, во домашно правно лице и физичко лице кое основа високо образовна установа, лице избрано во наставно-научно соработничко и стручно знаење во државно или во приватно високо образовна институција.

Јас мислам дека избраните во соработничко и стручно звање, не се и вршители на не знам каква јавна функција и ако се земе предвид бројот кој што во Македонија го има на вакви лица кои што се избрани со стручно или соработичко звање, навистина, тоа е еден огромен број. Поготово стручно звање, такви звања имаме во еден куп институции, не можам ни да ги набројам, кои што и воопшто не се занимаваат со наука. Токму поради тоа мислам дека стручните звања ги добиваат само дипломирани студенти на факултат и тоа не е некое раководно лице, нешто кое што може да делува во текот понатаму на научниот процес и т.н. Мислам дека тоа е многу ниско звање кое што понатаму треба да се надградува и со соработничко звање и со соработничко звање се избрани помладите асистенти и токму поради тоа мислев за да биде поедноставена работата и да може точно да се знае на кој ќе се однесува лустрацијата, во таа насока беше поднесен и мојот амандман.

Но со оглед на тоа дека и јас реков дека можеби беше подобро да разговараме во оваа насока со предлагачот и бидејќи ги имам изоставено научно-наставните звања и научните звања, значи, ги предвидов во мојот амандман, токму поради тоа го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на точка 23 поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, го повлекувам овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се повлекува.

Отворам претрес по амандманот на член 6 ставови 1 и 2, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и текстот на овој амандман, станува составен дел на текстот од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 4 поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и со тоа неговиот текст станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа.

Но со мојот амандман 5, поднесен на 29.05.2007 година е расчистена можната нејаснотија на која се однесува предложениот амандман.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе, амандманот беше поднесен затоа што сметав дека рокот кој што овде е даден 24 часа е премногу краток, за да може да се реализира ова што се бара. Значи, постапката за утврдување на вистинитоста на изјавата. Беа дадени 24 часа, но и вака како што беше кажано сметав дека беше неприменлив. Но, она што го кажа предлагачот, господинот Андов, точно тој амандманот што го има предложено, веќе со ова се разјаснува за што се работи и во тој случај амандманот станува безпредметен и поради тоа го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е повлечен.

Амандманите на член 13 поднесени од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска и од пратениците Роза Топузова Каревска и Јоаван Манасиевски, кои се точки 11 и 12 од списокот на редоследот на амандмани, по кои Собранието води претрес, се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес и ќе гласаме поединечно ако треба.

Отворам претрес по амандманот на член 13, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска и по амандманот на член 13 поднесен од пратениците Роза Топузова Каровска и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Чекајте, амандманот поединечно мора, да знам. Амандманот 11 што го читавте сега.

**Љубиша Георгиевски:** На член 13.

**Стојан Андов:** 11.

**Љубиша Георгиевски:** Кај мене е 13.

**Стојан Андов:** По список 11, не се прифаќа.

Чекајте, чекајте, не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Спокојно.

**Стојан Андов:** Амандманот 11 се прифаќа по списокот.

**Љубиша Георгиевски:** Добро.

**Стојан Андов:** Следниот амандман 12, не можам да го прифатам, бидејќи е ист, тој си е вграден во првиот амандман, претходниот.

Не можам да се изјаснувам посебно за него. Ист е со 11.

**Љубиша Георгиевски:** Значи амандманот број 12 не се прифаќа.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, јас знам дека имаме договор сите политички партии и сите го сфаќаме значењето на овој закон за нашата интеграција во НАТО и Европска унија. Меѓутоа, јас би замолила да одиме малку со поспоро темпо и би ги замолила

колегите, и ако е договорено, да можеме да се сослушаме, да бидеме повнимателни, бидејки ова е многу сериозна работа.

На овој закон се чекаше со години. Потоа одеше во една многу добра процедура. Значи имаше неколку фази, имаше јавна расправа, се подготвуваше долго. Меѓутоа, на самиот закон имаше доста амандмани, поднесени од страна на самиот предлагач.

Ве молам, според мои сознанија предлагачот има еден амандман со кој што се дава можност за овој член 13, што се однесува за, Комисијата веднаш по завршување на постапката за верификација на фактите, го објавува името, татковото име, презимето на лицето кое соработувало со органите на Државната безбедност во Службен весник на Република Македонија. Ваквиот член не даваше можност за двостепеност на постапката и можеше да се случи во одредена ситуација, можеби од превид, можеби некогаш тенденциозно некое лице без можност да се брани за неговото име, или веЌе било објавено во Службен весник, што е многу сериозна работа, затоа што и според Уставот и според сите наши закони, на граѓаните им се дава можност за одбрана, односно двостепеност, тоа е и логично, не треба човек да биде правник да го знае тоа.

Јас според моите сознанија, предлагачот има амандман во оваа насока. Со прифаќањето на претходниот амандман, јас би молела да се види, да не дојдеме до некоја грешка и до колку е ист амандманот на предлагачот и овој што го имав амандман под реден број 11 од колегите, значи претходно за што се говореше, можеби е во ред што се прифати. Но да не дојдеме во заблуда, јас имајки го предвид амандманот на предлагачот, имав намера да го повлечам мојот амандман, затоа што веќе со амандманот на предлагачот се дава можност она што го говорев, лицето значи кое што треба да биде вршител на јавна функција, значи веднаш,не по постапката на верификацијата на фактите, туку во двостепена постапка да може да му се даде можност да се брани лицето, а потоа да си ги сноси сите последици, до колку навистина било соработник. Значи, во таа насока.

Затоа би замолила да бидеме повнимателни за да не дојде до некои непредвидени работи и го молам предлагачот да го има предвид ова сето што сега го кажав. Значи, оваа дискусија иако одземав неколку минути е најдобро намерна, со една единствена цел да донесеме добар закон.

Мојот амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** По редниот број на списоците, амандманот под реден број 11 е прифатен.

**Стојан Андов:** Ве молам, овој амандман е ист со нивните само е подобро формулиран.

Мојот амандман станува составен дел на законот.

Овој не го прифаќам. Но е прифатен.

**Љубиша Георгиевски:** Амандамите 11 и 12 се сега прифатени. Заменети се со вашите. Добро. Повелете госпоѓо Роза Топузова Каревска имате збор.

**Роза Топузова Каревска:** Нема потреба од нетрпение, малку да бидеме потрпеливи.

Значи вака: Почитуваниот предлагач, господинот Андов на оваа тема, да не ја повторувам има поднесено амандман, кој што амандман, сметам, а јас се надевам и предлагачите сметаат дека е добар и го содржи она што го бараме и е поточно дефиниран од мојот амандман. Говорам за мојот.

Со неговиот амандман, мислам дека претходниот амандман на предлагачите треба да биде повлечен исто така и мојот амандман, со оглед дека предлагачот претходно со амандманот под реден број 11 рече дека се прифаќа, кој е малку поразличен од неговото решение. Мислам дека е најдобро во овој момент да ги повлечеме амандманите и да остане амандманот на господинот Андов. Во таа насока е мојата интервенција. Ве молам, тука малку да застанеме една секунда и да продолжиме со работата. Јас мојот амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Имено, тоа ние и го очекувавме.

Според тоа, одиме понатаму.

Никој не бара збор, прво побарајте збор.

Госпоѓа Цветанка Иванова има збор.

**Цветанка Иванова:** Господине претседателе.

Бидејќи работата е во тоа штона член 13 имаме поднесено амандман скоро со слична содржина и пратеничката група на СДСМ и госпоѓата Роза Топузова Каровска и со оглед на тоа дека подобро формулиран амандман на членот 13 има поднесено предлагачот, со кој што практично ја остваруваме целта заради која што сме го поднеле амандманот на членот 13, пратеничката група на СДСМ го повлекува овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, 11 е повлечен.

Сега, одиме на 12 по списокот.

**Роза Топузова Каровска:** Го повлекувам амандмнаот.

**Љубиша Георгиевски:** И тој амандман е повлечен.

Сега, можеме да процедираме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 14 став 2 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа и според тоа неговиот текст станува составен дел од текстот на законот.

Амандманите на член 15 поднесени од пратеникот Славица Грковска и од пратениците , Роза Топузова Каровска, Јован Манасиевски и Слободан Најдовски кои се точки 14 и 15 од списокот на редоследот на амандмани по кои Собранието води претрес се со иста содржина и

по нив ќе водиме единствен претрес. Значи, 14 и 15.

Отворам претрес по амандманот на член 15, а 14 во списокот, од пратеникот Славица Грковска и по амандманот на член 15, поднесен од пратениците Роза Топузова Каровска, Јован Манасиевски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманите не ги прифаќам, но суштината на амандманите ја прифатив со мојот амандман 2 поднесен на 11.01.2008 година.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман не се прифаќа.

**Стојан Андов:** Тие амандмани не се прифаќаат, важи мојот амандман што сум го поднел.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманите.

Се пријави за збор госпоѓа Роза Топузова Каровска, повелете.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Значи, имаме два амандмани. Во ситуацијата кои што се скоро идентични, се согласувам. Се работеше за двотретинското гласање кое што беше многу суштинско во целата оваа ситуација околу илустрацијата. Зошто велите дека не е тој, зошто е ако не е тој. Тој е, како не е тој.

**Љубиша Георгиевски:** Сега, уште сме кај амандманот под реден број 14, поднесен од пратеникот Славица Грковска. Таму сме и на иста содржина се. Водиме заедничка расправа за двата.

Повелете госпоѓо Роза.

**Роза Топузова Каровска:** Благодарам почитуван претседателе.

Мојот амандман на членот 15 се однесува, говорам за мојот амандман за двотретинското мнозинство. И од колегата Јован Манасиевски и од господинот Слободан Најдовски, се однесува за двотретинското мнозинство. Јас не знам дали не е за тоа другиот амандман, но кај мене е тоа. Мислам дека со оглед што предлагачот има ваков амандман, значи се согласивме и ова беше едно суштинско прашање, токму поради тоа и јас мојот амандман го повлекувам, а не знам за што се однесува амандманот, го немам пред мене во овој момент од колешката Славица Грковска, но мислам дека е за тоа. Значи, бидејќи имаме ваков амандман од предлагачот, амандманот го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, амандманот поднесен од госпоѓа Роза Топузова Каровска **е** повлечен.

**Стојан Андов:** Еве како гласи: “Во член 15 пред зборовите “мнозинство гласови”, се додава зборот “двотретинско”. Според тоа јас со мојот предлог што го дадов ги заменувам овие двата и треба да се повлечат, но Грковска не е тука. Има ли некој што ќе го повлече амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Да, треба некој да го повлече амандманот, не може друг да го повлече, само таа. Треба да го ставиме на гласање.

Ве молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата за да биде гласањето валидно.

Ги молам пратениците што уште не влегле во салата да влезат во салата затоа што ќе гласаме.

Ве молам службите уште еднаш да ги пребројат присутните пратеници.

Уште еднаш да потцртаме, амандманот на Топузова е повлечен.

Сега го ставам на гласање амандманот на госпоѓица Грковска.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 61 пратеник гласале 55, за гласале 6, воздржано гласале 3, против гласале 46.

Според тоа, амандманот не е изгласан.

Отворам претрес по амандманот на член 15 и за додавање два нови ставови 2 и 3 по ставот 1 поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа, но суштината на амандманот ја прифатив со мојот амандман 2 поднесен на 11.01.2008 година.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Амандманот го повлекуваме затоа што е она што го баравме опфатено со амандманот од предлагачите.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, овој амандман е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова алинеја 2 по алинејата 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Овој амандман не се прифаќа, а прифатен е амандманот со идентична содржина кој следи.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 44.

Според тоа амандманот не е изгласан.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање две нови алинеи 2 и 3 по алинеја 1 поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман е прифатен и неговиот текст станува дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 за додавање нова алинеја 6 по алинејата 5 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа, а предложеното решение веќе го прифатив со претходниот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 8, воздржано 1, против 55.

Според тоа амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Јован Манасиевски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа, а предложеното решение практично е прифатено и вградено во мојот амандман 10 поднесен на 29.05.2007 година.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓата Роза Топузова Каровска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Точно ние баравме да бидат опфатени овде сите избрани и именувани лица. Господинот Андов како што кажав, со оглед на тоа дека ги зеде предвид најголем број на забелешките искажани овде и има амандман со кој што се подобрува текстот на законот е содржан и ние она што го имаме и поради тоа го повлекувам амандманот. Значи, опфатени се сите избрани и именувани лица со лустрација.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 21 алинеја 1 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 6, воздржано 1, против 47.

Ги молам службите, со оглед на овој резултат, да го проверат бројот на присутните пратеници во моментот на гласањето.

Гласањето е валидно и според тоа амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 23 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 49 пратеници, за гласале 4, воздржани нема , против 45.

Според тоа, амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 30 -а по членот 30 поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире ГеШтаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и според тоа неговиот текст станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 35 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 9, воздржано 1, против 46.

Според тоа амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е прифатен и според тоа неговиот текст станува составен дел од тексот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2 поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандман не е прифатен.

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеници, за гласале 9, воздржани нема, против 45.

Според тоа амандманот не се прифаќа.

Отварам претрес по амандманот за бришење на член 36, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Биејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 7, воздржани нема, против 46 пратеници.

Молам, службите да достава точен број на присутни пратеници во салата во моментот на гласањето.

(Службите доставуват точен број на присутни пратеници во салата)

Во присуство на 64 пратеници гласале 53, за гласале 7, воздржани нема, против 46 пратеници.

Според тоа амандманот не се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2, поднесен од пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот се прифаќа, според тоа неговиот текст станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37, поднесен од пратениците Владо Бучковски, Тале Герамитчиоски, Славица Грковска, Кире Гештаковски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Ацо Киров, Борис Кондарко, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Мајранчо Николов, Влатко Серафимов, Оливер Спасовски, Никола Ќуркчиев, Благородна Цветковска и Радмила Шекеринска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Овој амандманот се прифаќа, според тоа станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 38, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

Има збор господин Стојан Андов.

**Стојан Андов:** Амандманот на се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот не се прифаќа.

Значи, бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници, за гласале 7, воздржани нема, против 46 пратеници.

Според тоа, амандманот не се прифаќа.

Во меѓувреме пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовки, Борис Кондарко, Ацо Киров, Верица Филипова, Никола Поповски, Весна Бендевска и Никола Ќукрчиев поднесоа амандмани, согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Согласно член 56 алинеа 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го молам претседателот на Комисијата за деловничи и мандатно имунитетни прашања да свика седница на која Комисијата ќе даде мислење дали со овие амандмани се врши усогласување на одредбите во текстот што се измениле поради поднесените амандмани на предлагачот на законот.

Госпоѓа Цветанка Иванова побара збор за процедурална интервенција, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Овој амандман го повлекуваме затоа што веќе има нов амандман поднесен од предлагачот господин Стојан Андов, а овој амандман се однесуваше на времето на важење на опфатот на законот. бидејќи е усогласен со нашето барање овој амандман го повлекуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Продолжувме со претрсе по тексто на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Би сакала да го искажам ставот на пратеничката група на СДС по повод донесувањето на законот за дополнителен услов за вршење на јавна функција или популарно наречен закон за лустрација. Пратеничката група на СДС ќе го подржи донесувањето на овој закон и всушност, овој закон го смета како заеднички проект на Собранието на Република Македонија, затоа што за донесување на овој закон се потпишаа над 90 пратеници во Собранието на Република Македонија. И, особено, затоа што голем дел од забелешките што беа на Предлогот за донесување на законот поставени од страна на пратеничката група на СДС, а се однесуваа особено на периодот на кој што се однесуваше законот, тоа е денот на донесување на закон 1944 година до денот на донесување на законот, и составот и начинот на избор на Комисијата како орган што ќе ја спроведува лустрацијата. Бидејќи овие најважни забелешки се прифатени пратеничката група на СДС смета дека овој закон треба да биде донесе и овој закон треба да се сфати како една демократска придобивка на Република Македонија.

Пратеничката група на СДС, гласајќи за донесување на законот за лустрација дава сопствен придонес во момент кога Република Македонија е исправена пред предизвик, во момент што е значаен за Република Македонија, а тоа е периодот за добивање покана за членство во НАТО и сфаќајќи го, како секогаш, значењето на моменто за државата, пратеничката група на СДС со своите гласови ќе даде придонес за донесување на овој закон.

Меѓутоа, укажувме дека многу позначајно од донесувњето на овој закон е имплементацијата на овој закон. Пратеничката група на СДС укажува дека многу претпазливо треба да се пристапи кон имплемантација на овој закон.

Зошто? За да не се претвори овој закон од инструмент на демократијата во инструмент за политички пресметки.

Затоа, како што бевме сите овде сложни околку потрбата од донесување на овој закон, како што имавме голем и висок политички консензус за моментот кога треба да се донесе овој закон, како пратеничка група сметаме дека овој Парламент треба постојано да го надзира или да ги гради демократските механизми на контрола за имплементација на овој закон.

Сакаме, го подржуваме овој закон, затоа што сметаме дека е ова услов за добивање покана за членство во НАТО. Сакаме и го подржувме овој закон затоа што сметаме дека ова ќе биде демократска алатка, но никако нема да дозволиме и ќе се бориме со сите средства овој закон да биде оружје во нечии раце за да стане начин или оружје за пресметка за стигматизација на семјества, за стигматизација на личности. Затоа, постојано ќе укажувме и ќе повикуваме, како што го имавме општиот или високиот политички консензус за донесување на зконот, сакаме да имеме општ политички консензус околку имплементацијата, правилната, вистинската имплементација на законот и општ политички консензус околу јакнење на демократските механизми во Собранието за надзор на имплеменатацијата на законот, се со цел овој закон да не создаде уште еден основ за нова лустрација. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има ли реплики?

Збор има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги,

Пред нас го имаме Предлог законот за определувње дополнителен услов за вршење јавна функција со веќе одомаќинет наслов, како закон за лустрација.

После околу година ипол подготовки, предлагања, преговарања, па и одредени одлагања, Предлог законот за лустрација се крчкаше низ сите можни кујни од стручни, граѓанско невладини, медиумски, лаички па и политички. Некаде, крчкајќи се на тивок оган, некаде согоруван до усвитување, за да добиеме денеска еден многу конкретен, јасен, потполно подготвен закон за сечиј вкус. И, најмногу, благодарејќи на конзистентноста, огромното политичко искуство и

политичката беневолентност на неговиот предлагач, почитуваниот колега Стојан Андов.

Гласноста и јавноста на силните за и против, уште во подготовката на Предлогот на законот, во првата фаза на собраниската расправа, му дадоа на Предлогот на законот огромна енергија. Понекогаш силно креативна и критична, понекогаш еднонасочна, нихилистичка, па и фрустрирачка.

Плод на таа расправа не е ниту компромисерски галиматијас од спротивставени идеи, ниту опортун менистрим од неспоиви елементи, туку специфичен до филигранско дефиниран законски материјал, амалгам што умешно ги пополнува сите празнини во законскава материја нотирани меѓу двете фази од донесувањето на законот.

Да се дебатира за Предлогот за закон за лустрација значи да се има посебна историска привилегија, најнапред заради можноста историското наследство подобро да се спознае, заради можноста на историското минато да му се даде повеќе светлина, повеќе димензионалност и поливалентност. А, можноста од историјата да се одвојат сите поголеми нарушувања на демократските механизми, можност од историјата да се одвојат сите погоеми нарушувања на демократските механзми за заштита на основните човекови права и слободи, да се именуваат, да се оградат и да се исправат е повеќе од историска привилегија и заради повисокиот степен на општествена правичност и заради зацврстувањето на демократската свест кај граѓаните и заради поголемиот демократски капацитет на институциите на државата.

Осветлувањето, освестувањето и остварувањето на горенаведените причини се основни единствени цени на лустрацијата во секое општество. И во најстарите цивилизации и во најмодерните општества лустацијата ја имала токму оваа цел - прочистување,отстранување, корегирање или подлабоко засекување со болното, многу често и патогеното во системот на општествените односи.

И, како катарза и остракизам во Грција и како лустрација во Стариот Рим, но и како денацификација во повоена Германија, дефашизација во постхитлерова Германија, деполизација во деголистичка Франција или декхунтизација во Грција, Шпанија и Португалија, процесот на преиспитување на тоталитарното и автокртското е секогаш и секаде исто по својата тежина и тешкотии со кои се соочува.

Во поновата историја, посебно во последната декада на 20-тиот век останува обележана со бројните програми и закони за лустрација, такаречи во сите посткомунистички земји, со ретки исклучоци, меѓу кој во овој момент беше и нашата земја.

И покрај разноликоста на искуствата, разноликоста на начини и размери, неспорна е позитивната врска помеѓу спроведениот процес на лустрација и конституирањто на здрава консолидирана домократија.

Помеѓу силните апологии за лустрација и нејзините силни оспорувања, помеѓу нереалните идеалистички очекувања за потполна рехабилитација на правото и правдата и долгодогишната сурова хибернација на македонскиот правосуден систем, помеѓу лабавата медиокритетско општествена мисла и силниот независен проевропски интелектуален дух, помеѓу верскиот или секуларниот концепт на живеење, помеѓу сивите зони на тајкун-економијата и реформите во насока на здрав пазарен економски концепт, помеѓу еднодимензионалната наша и нивна и заедничката мултиетничко општествена стварност, помеѓу старите византиски навики и новите НАТО предизвици, лустрацијата треба да биде и мерка и основа и основен инструмент во градењето на подоброто од секој аспект на оштествениот живот.

Давајќи шанса на лустрацијата да заживее во, навистина добра пракса, јас лично и мојата пратеничка група го подржуваме овој Предлог-закон за дополнителни услови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплики? (Нема)

Збор има господин Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници.

Донесувањето на овој закон за лустрација значи крај или збогување на еден страмен сегмен на македонската историја што се пишуваше во втората половина на 20 век т.е. специјалната политичка полиција ОЗНА, УДБА, подеона ДБК му служеше на одредени моќници да ја градат својата среќна кариера кои, мотото потриоти, криејќи се зад завесата на Коминистичката партија влегуваа во системот и бргу напредуваа во директори и комунстички комесари, претседатели на општини, патеници и министри, достигнуваа до највисоките државни функции на сметка на несреќата на чесните граѓани, вистинските патриоти кои, само со тоа што не се согласуваа со нивната идеологија, а си ја сакаа својата држава и народ, беа прогласувани за државни непријатели.

Во тоа време, за тоа што не се согласуваа, значеше запечатување на нивната кариера, на невиден начин беа следени, вие и вашата потесна фамилија. Вие ги правите сите напори, но не ви оди во студиите, ако завршите не ви оди во работата, работната кариера, во професијата, во прашање е вработувањето ваше и на вашите блиски, во фирмата каде што работите не можете да напредувате, во прашање беше и иднината на вашите деца. Вие сте прогласен за непријател за да можат некои моќници да ги искористат своите привилегии и да раснат нивните чинови.

Еден од пресудуваните сум и самиот, чие досие датира од 1972 година и тоа само со тоа што не сум се согласувал со тогашната идеологија и застанав на идејата за самостојна Македонија. Бев окарактеризиран како член на

младонационалистичка партија по војната за самостојна Македонија. Срамно ми е денес да ги соопштам тортурите од некои службени лица од УДБА кои се уште се живи, кои без разлог можеа од улица да те повикаат на информативен разговор. Сепак сум среќен што сум жив и здрав и дека доживеав да ја видам Република Македонија самостојна, затоа што со голем број од идеолозите на самостојна Македонија не се меѓу живите, голем број беа затворани, мачени во злогласните затвори на Голи Оток и Идризово.

Затоа со прифаќањето на овој закон го бришеме срамното минато на македонската историја и се приклучуваме кон земји со голамата и стара демократија и демократските права на граѓаните во тие земји. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Селмани Елмазе има збор, повелете.

**Селмани Елмазе:** Ви благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван предлагач, почитувани колеги пратеници,

Уште на почетокот сакам да нагласам дека го поддржувам донесувањето, иако задоцнето, на овој закон, затоа што поминаа 17 години од преминот од тоталилтарен во демократски систем и 12 години од донесувањето на Резолуцијата 1066 на Советот на Европа за прочистување со комунистичкто минато на пост комунистичките земји. Ова прочистување треба да се направи многу порано, не само заради елиминирање на остатоците од тоталитарниот систем, туку и како вршење на еден долг кон жртвите на овој систем и кон мачениците на демократијата. Би било вршење на долгот кон жртвите од албанскиот холокауст на Монополот во Тетово, на многубројните затвореници на Голи Оток, Идризово, Шутка, затворениците и осудениците со драконски осуди во 1968 година само затоа што имале храброст да побараат употреба на националното знаме и осудениците во монтираните политички процеси во 80-тите години од минатиот век.

Го поддржувам донесувањето на овој закон и подобро подоцна отколку никогаш, вели народот. Сега ќе поминам на забелешките во однос на текстот.

Уште во првата фаза имав забелешки на членот 17, а сега во членот 19 точка 1 од овој закон, каде се вели дека член на Комисија не може да биде лице кое било осудено за кривично дело најмалку 6 месеци или на кое му е изречена меерка забрана за вршење на професијата. Имајќи предвид што се смета за кривично дело со кривичниот закон од поранешна Југославија и Македонија од предлагачот побарав во првата фаза, барам и сега да се направи прецизирање на видот на кривичното дело, бидејќи со Кривичниот закон на поранешна Југославија Албанците но и другите, но посебно Албанците во 80-тите години се осудуваа за непријателска пропаганда, значи членот 133 и за обединување за непријателска дејност, членот 136. Ова беа членовите врз основа на кои Албанците се осудуваа со драконски казни и за апсурдни работи. Во овие години, доволно беше да бидеш Албанец, посебно да бидеш студент, а посебно студент на Приштинскиот универзитет и вината за тоа ја сносеше. Ако се најдеше некоја книга белетристика или со научна содржина објавена во Тирана, или доволно беше да е сомнителна книга, вината беше документирана. Албанците студенти во тоа време се симнуваа од автобусите на граничната контрола до границата со Косово, се контролираа детално, се бараа траги на национализам и албански иредентизам во се, се прелистуваше секоја страна од книгата и зависеше од милоста или немилоста на полицаецот дали ќе биде осомничен или не, и ако беше осомничен, следуваа информативни разговори, затворања, приведувања, тортури и казнувања.

Младите Албанци во тоа време во ЈНА, доколку имаа среќа да не се вратат во ковчези во нивните домови, се осудуваа за апсурдни нешта, секогаш под обвинение за обединување за непријателска дејност или непријателска пропаганда, некогаш и со обвинение дека се претпоставува, значи се претпоставува дека има направено непријателска пропаганда или се преетпоставува дека формирал група за обединување за непријателска дејност. Или доволно беше имињата на нивните деца некому да му изгледаат како провокативни имиња. Го познавам човекот, тогаш беше студен на последните години по Стоматологија, кој под обвинение “се претпоставува” е осуден на 7 години затвор.

Во Гостивар, во овие години биле осудени и деца, ученици од средни училишта само заради тоа што имале храброст да се спротивстаат и да протестираат против тн., мешани паралелки, што во суштина беа еднојазични паралелки и претставуваат не оспорување на образование на Албанците на нивен мајчин јазик. Знам дека некому кој е помлад оваа му изгледа како апсурд но во матичните служби во Западна Македонија имаше листа со имиња, забранети имиња за новороденчињата Албанци. Овие имиња често пати доаѓаа од историјата на албанскиот народ, беа илирски имиња или имиња на илирски племиња, или имиња кои произлгуваат од зборови кои искажуваат желба за слобода, за непокорување и непредавање. Секој кој сакаше на своето дете да му даде такво име беше загрозен, а ако сакаше да го крсти своето дете, беше загрозен да не го регистрира. Можеби се сеќавате и на една апсурдна одлука во тоа време, смешно е ако не е трагично, но на Албанците во тоа време им се урилаа и ѕидовите на нивните домови, секој кој ќе се осмелеше да излезе во заштита на овој ѕид, против оваа одлука беше во опасност да се осуди како националист и иредентист, постоеше опасност да го загуби и животот како што се случи со Албанецот од Арачиново кој заврши под урнатините на ѕидовите во својот двор, под неговиот имот кој беше имот гарантиран со сите меѓународни конвенции.

Во Гостивар беа осудени граѓани за учество на погреб во селото Равен на лице кое во тоа време се сметше како противник на системот. Овие лица се оддалечуваа од работа и се изрекуваше мерка “забрана за вршење на нивната професија”. Во тоа време Албанците можеше да се осудат, не ја исклучувам можноста и за другите, но посебно Албанците можеше да се осудат и да се обвинат затоа што слушнале една песна или пееле една песна која некои ја сметале како националистичка песна. Значи во тоталитарниот систем Албанците, но и другите можеше да се осудат и за нивните сништа, дека многу лесно беше да се монтираат политички процеси. Овие примери кои ги нагласив се само еден дел од многубројните примери на таквите осуди.

Затоа, сите овие лица ги осудуваме уште еднаш, им го земаме правото да бидат членови на оваа Комисија, значи Комисијата за верификација на факти.

Го молам предлагачот, елиминирајќи една неправда, да не предизвикаме една нова неправда кон овие лица. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Реплики нема.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Земав збор за да го искажам ставот на ЛДП и пред да продолжам ќе кажам уште на самиот почеток дека ние ќе дадеме поддршка на овој закон. Меѓутоа, би сакала да кажам уште збор два околу процедурата, затоа што, еве, да не биде дека опозицијата е таа која критикува кога нешто е лошо, јас би сакала да пофалам дека и самата процедура на овој закон беше до крај испочитувана. Можеби откако влезе во собраниска процедура би можело малку побрзо дас го донесеме овој закон, некој месец побрзо, но во секој случај, добро е што и денес имаме можност да го донесеме законот и добро е што ги помина сите собраниски процедури, почнувајќи од првата фаза кога имавме можност и во комисиската расправа и на пленарните седници да укажеме на забелешките. Потоа овој закон отиде на јавна расправа, беа одржани голем број трибини на кои се дебатираше за потребата од ваков закон и навистина, што е најважно, сето тоа не беше направено само формално, туку најголем број на забелешките кои беа искажани од страна на пратениците, без разлика од која пратеничка група доаѓаа, од страна на експертите, без разлика дали некои се блиски до некоја политичка опција, најголем број од забелешките се вградени во овој закон. Мислам дека тоа е добро и со тоа ќе се придонесе за негова поголема применливост, односно полесна имплементација.

Почитувани колеги пратеници, јас ќе гои почитувам она што го договаравме на координацијата, односно претставниците на политичките партии да ги искажат своите ставови, иако ако го погледнам бројот на пријавените за дискусија, ќе видиме дека не баш од сите политички партии се почитува она што го кажавме, односно да говори по еден претставник за да го искаже ставот на пратеничката група и да ја даде поддршката, па доколку има некои забелешки да укаже сега, за потоа доколку тие забелешки одат во насока да се наиде на некои некоректности во неговата имплементација на Законот, тоа да биде нотирано, значи да не биде дека е пропуштено од некоја партија.

На крајот би сакала да кажам уште дека е добро што конечно во Република Македонија имаме еден ваков закон. Очекувам дека законот ќе биде во целина имплементиран, дотолку повеќе што со забелешките вградени во него во голема мера се подобри текстот и остава многу мали можности за манипулација. Во секој случај и најдобриот закон сите знаеме дека може, доколку не се сака, да не биде правично имплементиран.

Потоа, би сакала да напоменам дека во никој случај не смееме да дозволиме, овој закон кој според мене е еден значаен инструмент на демократијата да се претвори во инструмент на прогонот и реваншизмот. Со овој закон пред се Македонија е исправена пред можноста да поправи една историска грешка, да се ослободат демократските процеси, но, во овој процес Македонија треба според моите очекувања да стане поперспективна земја со напредок не само во политичките туку и во економските реформи, со овој закон Македонија според мене е поблиску до НАТО и ЕУ интеграциите и основна потреба за донесување на овој закон според мене е иднината, а не минатото. За жал, ако почнеме повторно да ги кажуваме дебатите кои беа при потребата од донесување на овој закон со осврт на минатото, можеме многу работи да кажеме, јас не би навлегувала во поединечните случаи дотолку повеќе, не би правела историски преглед, затоа што тоа го направи добро почитуваниот колега Шутаров и не би сакала сега да се повторуам.

Како што кажав очекувам дека законот ќе биде правично имплементиран, ќе бидат во целина почитувани сите одреби и ќе биде закон кој во голема мера ќе даде придонес за демократизацијата на нашата земја. Јас го гледам како закон за иднината, посветен на иднината, сметам дека и со расчистување на одредени моменти од минатото, но не закон кој ќе служи исклучиво во насока на реваншизмот. Мислам дека овој пат не смее да се повтори историската грешка. Овде законот треба да важи, овој закон треба да важи подеднакво за сите без разлика на која политичкја партија или опција припаѓаме или припаѓаат оние кои сега и во иднина треба да обавуваат одредена јавна функција. Така го гледам овој закон и сметам дека ваков закон во голема мера ќе ја приближи Република Македонија до НАТО интеграциите, ќе придонесе за демократизацијата на земјата и за поперспективна Македонија, затоа што тоа сите ние им го должиме на граѓаните на нашата земја.

После сето ова до сега кажано, јас и ЛДП ќе дадеме поддршка на законот и со самиот чин на гласање ќе кажеме дека навистина на Република Македонија и е потребен овој закон. Требаше можеби многу години понапред да го донесеме, но според мене никогаш не е доцна. Подобро е да го имаме овој закон, отколку никогаш Република Македонија да не расчисти со еден многу значаен сегмент и со направените грешки конодредени индивидуи, па дури и кон самата земја. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Хани, имате збор, повелете.

**Тахир Хани:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да говорам во врска со законот познат како закон за лустрација, предложен од страна на господинот Стојан Андов и би сакал да го истакнам фактот дека јас како и многу други колеги присутни тука во Парламентот, но и надвор од Парламентот, сме меѓу оние луѓе кои ги почувствувале на сопствената кожа репресивните мерки на тоталитарниот режим. Би сакал да го истакнам фактот дека така како што јас бев осуден на 13 години затвор, исто така и господинот Џеват Адеми, Гарип Каба и други кои беа осудени за кривични дела во текот на комунистичкиот режим, бевме осудени само заради фактот дека во тој временски период Албанците сакаа да бидат еднаков народ во едно демокртско општество.

Ние поддржуваме еден ваков закон и заради фактот што овој закон не е репресивен и не ги осудува оние кои извршиле кривични дела против човештвото или ги прегазиле човековите права кои сега се загарантирани со Уставот на Република Македонија, туку на оние лица кои биле учесници на една мрежа на тајни служби и учесници кои на директен начин биле една политичка класа која на еден флагрантен начин ги нарушувале правата на граѓаните на Република Македонија, било оние од албанската заедница или пак противници на нивната идеологија. Со овој закон се оневозможува на тие лица учесници во тајните служби да вршат јавни функции во Република Македонија.

Се разбира, Република Македонија од 1990 година наваму требаше веќе да има донесено еден ваков закон, со кој ќе се оневозможеше на лица кои делувале со предрасуди од комунитичките системи, со предрасуди и со меѓуетничка омраза, со предрасуди особено спрема барањата на Албанците во Република Македонија, тие не смееле да бидат оставени да бидат пречка за побрзо напредување, демократско напредување на Република Македонија и да ги попречуваат потребните реформи во Република Македонија и да бидат поблиску до исполнување на амбицијата да стане членка на Европската унија и членка на НАТО.

Би сакал да го истакнам фактот дека овој закон поминал две фази, ја има поминато и фазата на јавната дебата, при што се дадени голем број забелешки од страна на експерти, но и од страна на политички партии, дека тие се вклопени во законот. Независно од овој факт, јас би сакал да го кажам следново. Јас имам една дилема, за која имам разговарано и со мои блиски, односно овој Предлог закон откако ќе се усвои од страна на Собранието и откако ќе почне негова имплементација, дали тој ќе служи како инструмент на парламентарното мнозинство, дали ќе служи како инструмент на злоупотреба и некои недостатоци, некои нејаснотии во некои членови од овој закон дали ќе бидат злоупотребени, или ќе бидат третирани како што треба. Особено значење има пристапот на органите на државата и во оваа насока мислам дека и во иднина треба јавните лица кои ќе се задолжат од органите на државната безбедност, а под државна безбедност се подразбира Секторот за безбедност и контраразузнавање при Министерство за внатрешни работи, како и Дирекцијата за контраразузнавање на Министерство за внатрешни работи, Агенцијата за разузнавање, но и Државниот Архив на Република Македонија на кого треба да се припои и Казнено поправниот дом Идризово, треба да имаат реален пристап со цел документацијата која тие ја имаат да им биде дадена на располагање без никаква злоупотреба на нивната службена должност да се даде на располагање на Комисијата за верификација на фактите.

Добра солуција е што таа Комисија ќе има 9 члена, дека ќе биде избирана со две третини од гласовите на Собранието на Република Македонија и во оваа насока добро е, исто така што и претседателот на Комисијата за верификација на фактите да биде од редовите на опозицијата.

Верувам дека овој консензус што е очигледен за усвојување на еден ваков закон со кој и сегашните функционери, но и оние кои ќе конкурираат за такви функции да може Комисијата за верификација на фактите да провери дали тие биле или не биле членови на тајните служби.

Дефиницијата е многу добра и многу јасна, што се подразбира со соработници на тајните служби или пак информатори на тајната служба. Меѓутоа остануваат некои дилеми, некои мали нејаснотии на кои би сакал јавно да укажам, со цел Комисијата за верификација на фактите во иднина да има предвид за некое лице во изминатиот период доколку е извршен некаков видлив притисок за тој против својата волја да правел нешто, превземал акции, или пак со лица кои биле затварани и при нивното затварање биле вршени такви пресии против нивната волја, треба да се види дали кај таквите лица, во нивното делување има континуитет или нема.

Значи, јасно е дека Парламентот на Република Македонија има амбиции да се зачлени во Европската унија и НАТО и тоа претставува една директна обврска. Значи донесувањето на еден ваков закон претставува директна обврска и во оваа насока ДУИ го подржува овој закон и

верувам дека со овој закон ќе се постигнат потребните ефекти со цел да се елиминираат мрежите на тајните служби, оние кои што биле директна пречка за демократскиот развој на земјата. Значи, во оваа насока мислам дека и други колеги од ДУИ ќе се пријават и ќе го изразат својот став по овој закон.

Јас мислам дека многу е јасно, ние ги имаме и препораките од Резолуцијата 1096 и Резолуцијата 1481 со кои на јасен начин ни се препорачува како држава донесувањето на еден ваков закон, закон со кој ќе се направи директно дистанцирање од мрежите на тајните служби и оние кругови кои имале големо влијание во Република Македонија, да се попречува демократскиот развој и особено да се продолжи со таа мрежа која е одговор на нарушување на човековите права и слободи на директен начин.

Уште еднаш би сакал да ја изразам подршката на овој закон и се надевам дека на овој закон ќе му следат и други закони, закони каде ќе се предвиди и обештетување на тие лица кои во историјата со децении доживувале репрекусии од овој тоталитарен режим. Се надевам дека тоа барем до некаде ќе може да ги рехабилитира и ние ќе можеме да дадеме подршка на една таква политика.

Значи, се надевам дека по овој закон ќе следи и закон за обештетување на сите оние кои трпеле последици од еден таков тоталитарен режим. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дами и господа пратеници, во меѓувреме пратеникот Павле Трајанов поднесе амандман согласно член 166 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Согласно член 56 алинеја 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го молам претседателот на Собранието за деловнички и имунитетни прашања, во меѓувреме да сфика седница на која Комисијата ќе даде мислење дали со овој амандман се врши усогласување на одредбите од текстот, што се измениле поради поднесените амандмани на предлагачот на законот.

Работата ќе ја продолжиме во 15,00 часот.

Давам пауза до 15,00 часот.

(Паузата е дадена во 13,40 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,11 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да продолжиме со седницата.

Ги повикувам пратениците кои не влегле во салата да повелат да влезат во салата затоа што продолжуваме со седницата.

Продолжуваме со седницата.

За процедурална интервенција се јави господин Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, сакам процедурално да интервенирам. Имено, установивме како пратеничка група дека е направен фалсификат со кој што пратеникот Влатко Ѓорчев доставува Предлог на закон и тоа не било кој, туку Изборниот законик кој што предизвика инциденти во Собранието со датум од 24 декември 2007 година со намера да се стави на 98-та седница која беше закажана за 28 јануари. Образложението, или оправдувањето од страна на службата која ја раководи генералниот секретар за кое што е тој најодговорен е дека е направен технички пропуст. И да е тоа така, сакам да протестирам во име на пратеничката група и да прашам, како е можно законите од СДСМ што се упатени во регулана процедура уште од крајот на минатата година да не бидат ставени на ниедна од трите седници што се закажани овој месец, наводно бидејки немало мислење од Владата, а вас да ви треба една секунда предлогот што ви е даден како фалсификат од страна на пратеник во исто време надополните седница која што ја имате закажано на 14 јануари. Таквата ирационална политика го претвора Собранието во арена на кавги и на поделби, а не во она што беше подржано и поздравено од Европската комисија и НАТО. Загрижува фактот што ова го правите и овој фалсификат е направен во предвечерието на средбата на Никола Груевски како премиер на Република Македонија со НАТО амбасадорите кои што ќе му го постават прашањето, зошто сеуште нема резултат од Анкетната комисија за инцидентите од септември по повод Изборниот законик и зошто давате нов изборен законик од страна на Владата и ВМРО-ДПМНЕ кога тоа е дел од лидерските средби. Протестирајки отворено против ваквите груби фалсификати и тоталитаризам, сакам да ве предупредам вас и генералниот секретар посебно, да не ви падне на памет влакно да фали на некој од службите во Собранието на Република Македонија и нешто да им се случи на нив во однос на нивното работно место и во однос на нивната плата. Вашите фалсификати, лаги и тоталитаризми немојте да ги заменувате и тоа да го направите жртва од вработените во Собранието кои што верно работат во ова Собрание повеќе години колку што вие седите во тие столчиња.

**Љубиша Георгиевски:** Што се однесува до вашата квалификација господине Макрадули, фалсификат, тоа е прегрубо, затоа што тоа веќе е установено каква е грешката. Луѓе сме, правиме грешки, никој нема намера да презема никакви мерки спрема службите што згрешиле. Тоа е грешка таква, каква што е, постојат докази, направен е сериозен пропуст, тоа го признавам, направен е сериозен пропуст при евалуацијата кои точки да влезат на дневниот ред. Но, начин на кој може тоа да се исправи е, затоа што како што беше дополна на овој Закон, може да се направи дополна со вашите два предлози за седницата која е терминирана за 30-ти. Ако се согласувате, тоа е значи на тој пропуст. Инаку, јас го користам моето право да ги евалуирам актуелностите на поедини точки, ама тоа го правам секогаш на готова процедура. Овде е направена

процедурална грешка која ќе ја испитам најсериозно, за да видиме на што се должи тоа.

Процедурално, госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Почитуван претседателе, добро е што признавате дека се работи за грешка. Лошо е што се обидувате да ја тривијализирате грешката. Не зборуваме за техника и не зборуваме за грешка на некој од службите кој во 2008 сакал да удри печат од претходната година. Јасно е дека се работи за смислен обид повторно Собранието да се претвори во арена на кавги. Се работи за смислен обид еден закон на мала врата да се стави на седница на дневен ред и покрај тоа што подоцна е поднесен. До колку се работеше за администрартивна грешка на некој од службите и пратеникот кој што го предложил законот и вие самиот ќе погледнеше и ќе кажеше: нешто не е во ред. Закон поднесен на 17 јануари на него стои дека бил поднесен на 24 декември. Да не реагираше пратеничката група на СДСМ до ден денеска вие и вашите служби немаше да кажете дека се работи за грешка. Меѓутоа, проблемот е поголем. Ако беше тоа изолиран случај на грешка, вие немаше да бидете дел од сценариото. Зошто вие како претседател на Собранието на Република Македонија закон кој бил предложен пред 4 недели, еве нека биде и пред 5, решивте преку ноќ да го ставите на дневен ред на првата седница која што ја закажувате. Само да се потсетиме, од септември месец до денеска СДСМ има поднесено неколку важни закони: Закон за решавање на проблемот на енергетска сиромаштија, со кој што на илјадници македонски семејства ќе им овозможиме државата да им ги плаќа сметките за струја и некои други. Поднесовме Закон со кој што нафтените деривати кои ги користат сите граѓани ќе поефтинат, Закон со кој што ќе се реши ужасниот ценовен шок кој ги потресува сите македонски семејства. Минуваат месеци, а вие никако не ги ставате тие закони на дневен ред. Поминаа и 15 дена и 30 дена, овие закони не го видоа белиот ден. Случајно одлучивте еден закон кој со фалсификат е заверен да го ставите преку ноќ на седница која што вие ја закажавте. И затоа колку и да зборувате, колку и да се трудиме сите парламентарното мнозинство или други да ја сведеме грешката на административна и на некои службеници, јасно е дека се работело за сценарио во кое што на пратеници, или на некои други нивни помагачи не им било тешко дури и да фалсификуваат архивски број. Ова повлекува секаков тип на одговорност. И навистина сметам дека Собранието на ваков начин повторно се враќа на тапет на сите оние кои што не критикуваат. Меѓутоа, тоа не е заслуга на сите пратеници, туку на оние кои што учествувале во фалсификатот и го подготвиле.

**Љубиша Георгиевски:** Јас веќе дадов налог на службите, поконкретно на генералниот секретар да ви ги претстави сите папири и документи од кои јасно се гледа дека се работи за грешка, а не за фалсификат. Но, тоа си е ваше мисeлње. Јас не мислам тој случај сега да го расветлуваме. Можеме да закажеме разни ситуации, за тоа имаме разни механизми во Собранието. Јас би сакал денешниот ден кој го сметам за еден од најважните морални и интелектуални пресврти во нашето општество како тема, а тоа е лустрацијата, седницата да ја тераме по темата. Јас само одговарам. Јас сум задолжен да одговорам на процедуралните интервенции.

**Есад Рахиќ:** Во интерес на вистината, јас сум еден од пратениците што денеска беше на координација и потпишан сум прв. Спроти мене седеше господинот Жарко Денковски, генерален секретар, јас три пати го препрашав за Предлог законот за избори, предложен од колегата Ѓорчев, три пати го препрашав, дали тој Предлог закон ќе биде на 28-ми. Мене ми е жал што сега зборува на телефон генералниот секретар, тој изричито рече, не. Ќе потврди генералниот серкетар дека три пати го прашв, дали овој Предлог закон ќе оди на седница на 28-ми? Рече, не. Тоа е една работа. Второ, се работи за закон заради кој што Предлог законот, заради кој што пред неколку месеци овде имаше немили настани и ова Собрание беше ставено на столбот на срамот на македонската и меѓународната јавност кога имаше буквално тепачки меѓу пратенички групи.

Значи, сметам дека е малку несериозно од ваша страна, дали е грешка, тоа ќе го утврдиме.

И трета работа, почитуван претседателе на Собрание. Не формално и вас ве прашав за една иницијатива на 28 декември има потпишано иницијатива од 15 пратеници, подржани уште од 5, за да се расправа за интерпелацијата на работењето на гувернерот на Народната банка, господинот Петар Гошев. По мене, не примерно, не принципиелно, не знам што да кажам е да се стави еден предлог пет дена пред на еден пратеник, а 20 пратеници и нивната волја да се расправа за нешто што ние сме бирале, да се стави во ќош, мислам тоа е несериозно, да не кажам некој друг збор.

Би замолил, ако веќе не викате на координација, ако веќе ви служиме како декор, ако веќе ви служиме за увезување на кворум, ве молам, за она што го договараме, што го потпишуваме да бие коректно од ваша страна. А вие заедно со вашите служби ќе тврдите дали е тоа грешка, дали е фалсификат или упад во системот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Прво треба да кажеме дека случајот Гошев не беше расправан на координација.

Второ, за случајот Гошев течат законските рокови сосема деловнички. Прво требаше да чекаме 15 дена да видиме дали тој ќе даде писмена или усмена одбрана, или како ќе биде. Тој дојде и рече дека нема да дава таква одбрана. Приложи некои хартии кои ќе ви бидат поделени комплетно и сега тече оној рок од 10 дена после кој се закажува на првата наредна седница. Фала богу тоа е спас, апсолутно, бајдебуг, како е Деловникот. Значи тој случај нема никаква трунка

и нема да има, затоа што си течат роковите. Според тоа, тој случј воопшто не е битен.

Јас сега апелирам да ја продолжиме дискусијата (Реакции на пратеникот Есад Рахиќ од место)

Ве молам да не упаѓате.

Збор има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, иако можеби ми е тешко што ќе го кажам, сакам да ја информирам јавноста дека предлогот на пратеникот од ВМРО ДПМНЕ, по зборовите ваши во оправдување на фалсификатот е дојден на 17-ти и дистрибуиран на 18 јануари да ве потсетам, кога пратениците на ВМРО ДПМНЕ ужалени седеа во поворка покрај починатиот академик Кљусев, со единствена цел пратениците да го добијат законот во понеделник во 11 часот и да имаме само три дена за амандмани. Ваквата манипулација за која што ви требаше фалсификат, не може да помине без одговорност од најодговорните, а тоа сте вие и генералниот секретар, кој согласно Деловникот е одговорен за сето ова што се работи. Заморени сме од ваквите манипулации од ВМРО ДПМНЕ покриени со настани каде што се диктира кога и нешто ќе ни се донесе и достави на дневен ред. Претажна е работа за да можеме да работиме во вакви услови и тоа да го претставуваме во Брисел како дијалог или консензус. Трагично е ова што го правите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Серафимов Влатко.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе,

Пред малку кажавте дека денеска е голем ден за Собранието на Република Македонија и за граѓаните на Република Македонија, кога денеска требаше да го донесеме Законот за лустрација. Меѓутоа, опструкциите кои што се вршат од страна на владеачката партија од ВМРО ДПМНЕ и од вас како претседател на Собранието на Република Македонија, очигледно е дека на вас не ви одговара да имаме една коегзистентна работа на ова Собрание. Да имаме една работа кога сакаме да го донесеме законот за лустрација, или кога сите пратеници се согласија да работиме и да го донесеме овој закон, вие со вашите потези заедно со дел од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ манипулирате и со нас како пратеници, манипулирате и со јавноста во Република Македонија.

Затоа почитуван претседателе, вие како најодговорен во овој законодавен дом, треба да ја понесете одговорноста и како претседател на Собранието и како одговорен за вработените во Републичкото собрание. Немојте да манипулирате со нас како пратеници од опозицијата дека сме кочничари на реформите во Република Македонија. Вие како претседател, заедно со дел од пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ со поедини пратеници сте најголемите кочничари на реформите во Република Македонија. Затоа, во овој момент кога најде за сходно да дојде и предлагачот на овој закон, треба да ја понесете одговорноста. Или да си заминете од местото кое што го држите, или дајте да работиме во интерес на грѓаните на Република Македонија. Инаку, на ваков начин секогаш кога ова Собрание зазема еден замаец во донесувањето на одреден број на закони, секогаш ќе дојдат на ред изборниот закон, секој пат ќе дојде на ред Деловникот, секогаш ќе дојдат закони кои ќе направат раздор во овој законодавен дом. Таа одговорност ви припаѓа вам, како претседател на Собранието и затоа треба да ја понесете одговорноста. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има ли уште процедурално? Повелете, госпоѓа Цветанка Иванова, па потоа господин Незири.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Процедурално сакам да реагирам и да ве прашам, дали сметате дека јас и моите колеги од опозиција, или од пратеничката група на СДСМ во четврток сабајле треба да тргнат во Вилтон Парк на состанокот кој што сме го организирале, или сметате да останеме и да си го оствaруваме нашето право по Устав и по Деловник да поднесуваме амандмани. Ние мораме да избереме меѓу овие две работи.

Јас ве молам, да кажете што е поважно сега во моментов. Да останеме тука и да поднесуваме амандмани, или да заминеме онаму каде што ни е организирано на сите како пратеници, од сите пратенички групи во Англија, во Вилтон Парк да се советуваме, да црпиме искуства за работата на нашиот Парламент. Инаку, вака уште еднаш ќе покажеме дека едно покажуваме дека сакаме да учиме, а во суштина многу страшни работи правиме овде во Парламентот. Затоа чекам одговор. Или ќе одиме во четврток во Вилтон Парк, или ќе го тргнете овој закон од дневен ред, затоа што ние нема да бидеме во можност да дојдеме со делегацијата.

**Љубиша Георгиевски:** Ова е би рекол многу релевантна процедурална интервенција и мојот одговор е дека и ќе одиме и ќе го направиме ова второто, ако се работи за недостаток на време за амандманите, мотивиран со тоа што ние сме обврзани да одиме во Лондон ќе направиме, ама тоа е исто за координација. Ќе направиме таков маневар да имате и време за амандмани и да имаме и време. Се се прави ако се договориме. Тоа е мојот одговор и едното и другото. Инаку, ова е дискутирано и прифатено од ваша страна за амандманите, на денешната координација.

Повелете, Незири беше на ред процедурално. Вие поминавте еднаш, се може да среди. Има грешки, ама може да се поправат.

Повелете господине Незири. Вклучете го ве молам. Се извинувам, господинот Хасипи.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине петседателе.

Јас пред малку на Предлог законот за изменување и дополнување на изборниот законик поднесов амандмани. Во образложениеото на

амандманите реков дословно вака дека амандманите ги поднесувам само за да го запазам законски потребниот рок. Инаку, апсолутно е повредена процедурата со поставувањето на овој закон на дневен ред и ќе ви објаснам зошто.

Прво, заради тоа што со Одлука на Собранието измените и дополнувањата на Изборниот законик беше одлучено да биде донесен во две фази. Расправата по првата фаза на Изборниот закок започна во Собранието на Република Македонија и за жал, не заврши заради тоа што се случи инцидент во Собранието. Во меѓувреме ниту вие констатиравте дека расправата по првата фаза е завршена, ниту Владата нема доставено допис дека го повлекува законот за да се отвори простор некој да поднесе предлог за измени и дополнувања на Законот. Јас во ова мое скромно политичко искуство од 2,5 мандата приближно, прв пат гледам дека по една иста материја ќе имаме во парламентарна процедура два предлога. Едниот предлог на Владата, другиот предлог на пратеник. Додека не го повлече Владата предлогот, не е легитимно да се расправа по Предлог за измени и дополнувања на Изборниот законик и токму поради тоа редно е вие да го повлечете од дневниот ред. Доколку Владата смета дека предлогот на пратеникот е валиден и парламен трното мнозинство стои зад него ќе го ставите на дневен ред и дури тогаш ќе течат роковите за поднесување на амандмани и се друго што е процедура во ова Собрание. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Многу сум близу до овој ваш начин на мислење.

Повелете господине Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Денес доста се дискутираше за оваа работа која што ја дискутираа и претходните колеги во врска со предлогот за измени на Изборниот законик. Јас сум сигурен и гледам дека тоа предизвикува огромен интерес и ќе ги појаснам работите што беа тука кажани, а тоа е дека колегата Макрадули, односно пратеникот Макрадули е во право кога вели дека имаме грешка, односно дека измените на Законот се поднесени со погрешен датум. Тоа е грешка на службите, но јас ви кажувам она што и вие и јас го знаеме, што сите го знаеме, а тоа е дека моите предг измени на Законот се поднесени на 17 јануари. На 17 јануари се поднесени. Ако бидете доволно внимателен господине Макрадули ќе можете да видите дека и на самие измени на Законот, долу пишува на првата страница јануари 2008 година.

Исто така, на 18 јануари по поднесувањето на тие измени е побарано мислење од Владата од Собранието. На веб сајтот на ова Собрание е изнесено тоа исто така на 18 јануари. Во архивската книга ако видите исто така го имаме датумот 17 јануари. Пред тоа, имаме во архивската книга работи што се заведени на 16 јануари и работи што се заведени на 18 јануари. Никој не можел отпосле или претходно да внесе некоја работа. Значи, вие сте во право дека на самиот закон имаме грешка, а тоа беше од службите повеќе пати објаснето.Мислам дека генералниот секретар тоа повеќе пати го кажа. Исто така и портпаролот на претседателот на Собранието, претседателот на Собранието стои на располагање, госпоѓата која што е од архивата исто така стои на располагање. Значи, имаме грешка во службите. Јас потврдувам она што вие го велите, а тоа е дека Законот е поднесен на 17 јануари. Јас ги поднесов измените на Законот на 17 јануари. Со тоа го потврдувам вашето тврдење, но не можам никако да го потврдам тоа дека станува збор за некаков фалсификат, завера, намера итн. Ако сакате заедно можеме да ги утврдиме фактите. Она што јас сега го гледам а тоа е вонредна вознемиреност на повеќе политички субјекти, првенствено на СДСМ од можноста да гласа дијаспората, за која што лично сметам дека треба да гласа и од можноста етничките заедници да можат да гласаат, односно Турците, Србите, Ромите, Власите и Бошњаците да можат да гласаат, сметам дека треба да се направи, треба да можат да гласаат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сакам само едно да кажам. Ако сме веќе кај ексраполирани цели, ако опозицијата екстраполира заговор од страна на мнозинството за да се расипе работата на Парламентот, јас исто ќе кажам дека ова е факт дека опозицијата заговара насилна промена на дневен ред, затоа што не може да ја дочека седницата за моето разрешување. И сега, наместо да говориме за лустрација, говориме за моето разрешување. Некои пратеници се бунат, затоа што сме веќе еден час вон од дневниот ред.

Според тоа, објавувам прекин од еден час малку да се оладиме.

(Прекин на седницата од 15,50 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,50 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да ја продолжиме седницата.

Ја продолжуваме седницата.

За процедурална интервенција се јави господин Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Во врска со работите кои што беа спомнати тука би сакал да ги известам нешто колегите.

Денес видовме дека имаме повеќе работи кои беа поврзани со поднесените измени на законот за Изборниот законик. Би сакал да го информирам и колегата Макрадули и другите колеги дека, оние измени кои се предложени од 17 јануари за Изборниот закон денес ќе ги повлечам за да нема перипетии, кажувања, раскажувања, така било вака било. Исто така можеме заедно да видиме дека се работи за техничка грешка на службите во Собранието, дека не се работи за никаков заговор, направени дати или слично, зашто

говорат сите документи, архивски книги, веб-страна, самиот поднесен закон на Собранието.

Значи измените на законот се поднесени на 17 јануари, денес јас ќе ги повлечам, но исто така го задржувам и своето право уште утре повторно да ги предложам истите измени на законот и после тоа да дискутираме, преговараме во врска со нив, да поднесете амандмани и да видиме какви измени на Изборниот законик ќе донесеме и дали ќе ги донесеме тие изборни закони. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Со ова само да одговорам, момент, да одговорам, процедурално се јави господин Павле Трајанов, па Макрадули.

Со овој предлог се исправа само еден дел од грешката што беше направена. Би сакал да искористам прилика да известам дека закажувам координација утре во 10,00 часот со две точки на дневен ред. Прва точка, процедурата на предлозите на СДС, тие двата предлози кога ќе влезат во процедура ќе ги дискутираме што треба да влезат по мое на наредната седница и втора точка на нашиот настап во Велика Британија.

Сега господин Павле Трајанов имаше процедурално, па после има господин Макрадули и се надевам после да продолжиме по дневниот ред ве молам.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Со оглед на тоа што изгубивме доста време, имавме и пауза околку амандманот што јас го предложив, поминавме доста расправа еве, повеќе од саат време околу Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за избори, предлагам бидејќи заврши практично амандманската расправа, предалгам да расправаме по законот за лустрација се дури во текот на денешниот ден дури не го донесеме овој закон, бидејќи ако и денеска го одложиме мислам дека нема да имам објаснување на јавноста и во целина зошто повторно го одлагаме законот, бидејќи утре има друга седница.

Значи, предлагам ако е можно и ако се согласат сите да ги повлечеме или да ги скратиме дискусиите и јас би се повлекол, нема да дискутирам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Јас мислам дека ако сме ефикасни може и да се продолжи седницата не повеќе од половина час за да ја завршиме лустрацијата без продолжување, само да се договориме да не бидеме баш прецизни, ако треба да се продолжи половина час да се продолжи. Мислам дека овој предлог е добар, сите ќе ги скратиме што сме најавени дискусиите и не е проблем. Имаме еден час.

Повелете господине Макрадули, вие имате процедурално.

**Јани Макрадули:** Претседателе,

Прво што се однесува до координацијата што ја свикавте за утре, по член 64 од Деловникот на уредно примени материјали на 27 декември 2007 година, вие моравте по овој Деловник по предлозите на СДС да ги ставите на дневен ред, не тоа да ги одлучувате на координација. Тоа е ваша обврска како претседател на Собранието на Република Македонија. Очигледно е дека радикалното крило во ВМРО-ДПМНЕ сака да го уништи политичкиот дијалог кој беше поздравен од Европа и од НАТО. СДС учествува во политичкиот дијлог заради европската и НАТО перспектива на Македонија и граѓанитена Република Македонија. И со вакви упади вие нема да не спречите да учествуваме во него. Изјавата на Влатко Ѓорчев пратеникот е најдобар доказ, дека е ова дел од фалсификат, дека е политика акоројдеројде, ако не види никој нема проблем и тоа да го направиме по можност кога Македонија поточно пред се ВМРО-ДПМНЕ уплакани се шетаа на погреб, а за тоа време се праќаат до Владата и се праќаат до пратениците Предлог изборен законик кој направи арена гладијаторска од ова Собрание нанесе срам на ова Собрание, наместо тоа да го направиме на политичкиот дијалог кој веќе предложен од Трајко Вељановски е тема на лидерските средби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Сега се надевам дека можеме да почнеме да одиме на материјал.

Кондарко, ако сакате, не сакам да се сукобувам некако така испаѓа, све кај вас, да не прекршувам кај вас, повелете имате три минути од се срце. Така некако испаѓа.

**Борис Кондарко:** Претседателе почитуван, јас не барам од вас од се срце, туку да ми дадете по Деловник оние права кои ме следуваат како пратеници. Исто така, не мислам јас да се сукобувам со вас, меѓутоа, за жал морам, затоа што повторно и повторно правите негативни преседани. Пред паузата колегата Ѓорчев имаше процедурално три минути, после паузата продолжи седницата со него процедурално. Јас можам за три минути да кажам тоа што имам намера процедурално да го кажам, ако вие мислите дека на Влатко Ѓорчев му требаат двапати едно по друго процедурално да му давате збор, тогаш не знам веќе како треба да реагираме за да ви укажеме дека го прекршувате Деловникот и дека овде не правите недоветни.

Она што го кажа и во претходната забелешка пратеникот Ѓорчев и сега после паузата, укажува на повеќе работи.

Прво, се криете зад службите и за тоа наводно технички грешки. Да расчистиме, ова не е техничка грешка ова е фалсификат и за тоа мора некој кривично да одговара, мора да има истрага. Мора да ги покажите непристрасноста, неселективноста на институциите.

Втора работа на службите кои не се одговорни за ова, кои ова сценарио го прават по налог на раководството на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со претседателот на Собранието, значи на службите не смее ништо да им фали. Не смеат да бидат казнети,не смеат да бидат малтретирани, не смее никој да им се заканува, да ги брка од работа итн.

Ако нешто такво се случи еве јавно ви кажувам дека одговорноста ја преземате сите вие и Влатко Ѓорчев и вие како претседател на Собранието и ВМРО-ДПМНЕ на чело со Никола Груевски. Затоа што, овој фалсификат ниту имаат интерес, ниту сакаат да го смислат службите. И ова што го направивте со повлекувањето на законот, играње топло ладно само уште еднаш ја признава не грешката туку фалсификатот. Ако сте убедени дека се е регуларно, зошто тогаш Влатко Ѓорчев сега го повлекува законот. Мислите дека со тоа ќе ја забошотите работата или ќе ја намалите одговорноста. Значи, се сплеткавте во сопствените лаги, манипулации, фалсификати. Сте заборавиле од сценариото да го тргнете датумот. Не може на 24 декември да заведувате во деловодникот собраниски еден закон и тоа за фиксна седница која на 24-ти не била ни планирана, на 14 јануари била закажана. Во тоа е фалсификатот и од ова нема да се откажеме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Што се однесува до зборовите, вие губите од вид колега Кондарко овде дека Ѓорчев е предлагач во оваа ситуација и губите од вид тежината, заправо не ја губите од вид тежината на неговата изјава дека го повлекува предлогот што ја олеснува процедурата радикално на оваа седница, а јас за тоа се борам. Готово и се договоривме.

Сега збор има господин Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани пратеници, денес од големо значење е што во Собранието на Република Македонија пред пратениците на оваа генерација се дискутира за еден закон кој што дефинитивно со иницијатива на највозрасниот пратеник во Собранието, можеби има и повозрасен од него, меѓутоа еден од највозрасните, се дава иницијатива за рехабилитација на најмладата генерација од разните навреди било тоа да се фамилијарни или општествени. Од овој аспект законот ќе овозможи на некој начин да се ублажи болката, вековната болка која се случувала во Република Македонија и во СФРЈ и тоа од 1944 година до ден денешен. Со овој закон ќе се овозможи да се разлиста темната историја на сите народи тука во Македонија и на териториите на поранешна Југославија, кои патеа од стариот комунистички систем и од таканаречените партизани на тајните југословенски служби во Македонија и насекаде.

Во оваа насока треба да истакнам дека чувствувам олеснување, затоа што денес мојот народ после усвојување на овој закон, сите оние кои се занимаваат со политика од 1944 година до ден денес кои не се согласуваат со комунистичката политика која беше покриена со црна покривка тука за Албанскиот народ во Македонија каде многу браќа и сестри беа наречени балисти, но и кај Македонците, многу Македонци кои делуваа во одбрана на нивната национална кауза беа наречени комити, беа избркани од Македонија, беа убивани, Албанци и Македонци и други луѓе кои работеа за нивната национална кауза. Луѓе, кои беа прогонувани и без судења беа затворени среде ноќ и следнот ден веќе тој човек не постоеше. Тоа е таа голема болка, тоа се тие големи фамилијарни раздори, големи предавства кои што се случуваа и кои беа предизвикани од шпиуните. Но, жалам што во текот на 1990, 1991 година со заминувањето на ЈНА од македонската територија, тие земаа многу документи со себе, многу шпиуни ќе останат неоткриени, многу предавници ќе останат неоткриени, меѓутоа тие оставија свои трагови во селата, оставиле свои траги кај некои оџи кои со руски читати го уништуваат Албанскиот народ и Македонскиот народ, попови кои исто така работеа со УДБА, го правеа истото. Задоволен сум што беа повлечени амандманите каде што се велеше дека не треба да им се суди на оние кои го вршеле занаетот на шпиуните во интерес на државата. Сите шпиуни ширум светот работат за државата, тие не работат за самите себе. Значи добро е што беше повлечен овој дел со цел никој да не се обидува да наоѓа дупки во овој закон и да ја избегне одговорноста. Да не должам ќе спомнам неколку моменти кои се за историјата на Албанскиот народ, но и за Македонскиот народ вреди да се каже. Во текот на 1944, 1945, 1946, 1947 и 1948 година се случија најлошите работи кои можеби не се случиле на друго место во Европа. Се случи монополот во Тетово, каде што сите оние Албанци кои колку - толку се обидуваа да се одалечат од војната, влегоа во монополот, се собираа под притисок дека се предавници на државата и нивните коски се останати во таа институција. И ден денес од тие темели на монополот, верувам дека се уште има остатоци на нашите мајки, татковци, претци, кои на некој начин беа жртви на новиот систем. Некои се бореа, меѓутоа сепак завршија во тие места, како домот на Групчин. Иако, отидоа во Седмата бригада во војната против нацизмот, кога се вратија од војната, тие еден по еден почнаа да се ликвидираат. Ова не го правеа тие, другите на УДБА, затоа што не ги сакаа, туку го правеа затоа што видоа дека тие се достојни борци, дека тие ќе ја претставуваат опасноста за создавање на поинакво демократско мислење во Република Македонија. Видоа дека не ја следат комунистичката линија, тие со доминацијата на таа црвена диктатура, почнаа да се ликвидираат еден по еден.

Би сакал да кажам уште нешто, можеби е малку лично, меѓутоа во една моја дискусија против комунизмот, господинот Игор рече, што му е на овој човек што толку има против комунизмот. Оваа дискусија не ја правам за да го обвинам Игор, но тој постави едно прашање и јас сакам да му одговорам. Овој човек од овие комунисти ја немаше среќата да има некој вујко таму. Мојот вујко кој на 17, 18 години одби да биде војник на Тито беше ликвидиран во планините на Тетово, како и многу, многу други ја имаа истата судбина. Ние ги знаеме и луѓето кои го правеа тоа, но не

сакам судот на овие генерации, да има импликации за новите генерации.

Јас имам блиски,  чии што, знам, баби и дедовци биле шпиуни на УДБА. Меѓутоа, нивните внуци станале виситнски патириоти. Познавајки ја историјата на нивните претци,  тие се обидуваат од се срце да ја избришат таа црна историја што се случила во нивните семејства.

И во комунистичкиот систем, користејки го насилството на комунистичкиот режим беа затворани и албанските училишта. За жал, од 1982 година до 1990 година во Македонија шпиуните почнале да создаваат мешани паралелки во Тетово и на други места каде населението било мешано и се велеше дека во мешаните, се прават мешани паралелки за да се бориме против иредентизмот, албанскиот сепаратизам. За ова треба сите ученици, Албанци, Турци, Македонци да учат во исти паралелки. Потоа почнаа да ги рушат домашните порти, затоа што некому пречеше што муслиманските порти, што претставуваат верска и национална традиција, а не беше упатено против другите, тоа беше една традиција да се има така високи потри. Преттекстот беше да се срушат ѕидовите, а со тоа да се сруши и националното достоинство. Да се сруши националната гордост, со цел тоа да се прикрие под плаштот што се нарекуваше државен патриотизам против албанскиот национализам и сепаратизам.

Исто така, тогашната комунистичка власт се бореше и против македонските националисти, меѓутоа тие македонски националисти беа тие комити што, заедно со тие албански балисти се converting бореа против комунистите. На некој начин, во таа нивна идеологија најдоа заедничка точка да ја одбранат вистината, да го одбранат националното достоинство. За жал, тие Македонци беа прогласени за Бугари. Случајот со Мара Бунева која го уби српскиот офицер кај мостот на Вардар и многу многу други случаи, да не ги спомнувам сега.

Во оваа насока, во овој закон се отвора пат на разните институции, на разните комисии што ја изучуваат историјата, комисии што се занимаваат со етничките процеси, со развојот на нациите, да седнат и да разгледуваат научни теми без измами, без прикривања и еднаш за секогаш вистината да излезе на виделина.

Во овој контекст, овој Парламент, оваа Влада го доенсе и Законот за основање на Институт за културно наследство на Република Македонија. Овој Институт е од голема вредност. Оние кои имале и имаат еден ваков Институт, ја знаат неговата важност. Преку проучување на облеката, навиките во разни села, каде се Албанците, каде се Македонците, каде традициите биле исти или различни, ќе можат да се проучуваат, изучуваат и со тоа ќе се отвори патото да се откријат шпиуните што и ден денеска ги имаме меѓу нас.

За жал, шпиуните се некаде  на раководни места. За жал и ден денеска шпинуните и натаму ни го утврдуваат, наметнуваат начинот на живеење тука, во Македонија. Меѓутоа, изгледа

дека со денешниов закон на сите политички партии, посакувам сите партии и честитам што имаме волја да го усвоиме овој закон. Со него се рехабилитира историјата, се рахибилитираат сите политички затвореници што, до колку ги земеме случај по случај, ќе се соочиме со толку големи лични драми, семејни драми, национални драми што ќе ви се нежи кожата. Над сите тие, случајо со Голи Оток каде семејствата, луѓето беа испраќани таму, беа уништувани цели семејства, беше уништувана цела нација.

Овој парламентарен состав и луѓето, независно на која политичка опција припаѓаат им честитам на храброста овој закон да се појави пред пратениците, да се усвои, да се имплементира. Со тоа отвораме пат на демократијата, на нашата иднина и пат кон Европа. Од овој ден, со имплементација на овој закон ќе има едно душевно смирување на сите оние политички затвореници што се живи. На некој начин тие ќе бидат рехабилитирани. Со усвојување на овој закон, на овие луѓе, од овој Парламент, на оние луѓе гои се живи, како и посмртно да им се даде одликување за нивниот интелектуален и национален отпор. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Во меѓувреме предлагачот на законот пратеникот Стојан Андов го повлече амандманот на член 5 точка 16, под архивски број 07-1591/23 од 29 мај 2007 година.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија го разгледа амандманот на член 4 за менување на став 7 поднесен од пратеникот Павле Трајанов и оцени дека во амандманот не се врши усогласување на одредбите на Предлогот на овој закон во смисла на член 166 став 2 од Деловникот на Собранието. Од овие причини Собранието нема да води претрес по овој амандман.

Мислењето на Комисијата ви е поделено.

Збор има сега, јас му го отстапувам редот, бидејки тука беше направен превид, на господинот Иван Анастасовски.

(Во меѓувреме пратеникот Весна Јаневска се јавува за збор процедурално).

**Весна Јаневска:** Би дала еден прредлог.

Многу зборувавме за законот за лустрација. Гледам дека сите го подржуваме. Сите дискутанти го пдоржуваат. Имаше јавна расправа.

Мој личен предлог е, ги молам пратениците кои имаат добра волја овој закон да се донесе, бидјеки остануваат само уште 40-тина минути, денеска да го изгласаме овој закон и оние кои имаат добра волја, неавистина овој закон да се донесе, да се откажат од своите дискусии, бидејки сите ние, потписниците на овој закон, едногласно стоиме зад сето тоа што е кажано, што е направено и веќе сите еднаш сме говореле по оваа тема.

Давам предлог до 18,00 часот, повеќето од пријавените да се откажат и до 18,00 часот да го изгласаме овој закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Да, јас го почитувам вашиот предлог, но тој ваш предлог не може да се исформализира. Не гледам дека имаме кворум. Не можам да го ставамна гласање. А, без гласање тешко може да се одржи, затоа што луѓето размислуваат поединечно и секој сака да говори.

Но, јас сум за тоа, ако остане некое време, да го искористиме. Инаку, да имавме кворум, можевте да предложите да се донесе и одлука. Но, немаме кворум.

Повелете господине Анастасовски.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не се во салата, а се во Собранието, да бидат љубезни, да пристапат во салата за да можеме на време да ја приведем кон крај оваа седница.

Повелете господине Анастасовски, да не губиме време.

**Иван Анастасовски:** Балгодарам почитуван претседателе.

Колеги пратеници, господин предлагач на законот,

Во целсот се согласувам со предлогот што го даде колешката Весна Јаневска. Апсолутно е издржан тој предлог, меѓутоа претседателе, да потсетиме, сега имаме расправа по текстот на Предлогот на законот. Еве и тука може да се востанови еден дефект, ако сакате така да се изразам, во Деловникот, бидејки сите опции, ние како пратеници да интервенираме во решенијата од законот,Собрание е веќе затворени. Затоа, на крајот се кажа дека има расправа по тескстот на Предлогот на законот.

Но, за жал, еве и несвесно, на некој начин, сите дискутанти отпосле го прекршуваме Деловникот претседателе. Не се држиме до текстовите, решенијата од Предлогот на законот, туку пак влагаме во материјална расправа. Вие сте должни тука, претседателе, да реагирате како прв меѓу еднаквите.

Во контекст на тоа и во контекст на предлогот што го даде почитуваната колешка Весна Јаневска, само уште еднаш сакам невсосмислено да ја изразам нашата подршка, подршката на пратеничката група НСДП на законот што е предложен од колегата Стојан Андов, а е подржан од над 80 пратеници. Еве јас, во контекст на добра волја би замолил, бидејки гледам на дисплејот има повеќе пријавено колеги, мислев на почетокот дека има договор, после прифаќањето на амандманите од страна на предлагачот од пратеничките групи, дека има договор барем по еден од секоја пратеничка група, на кратко да го искаже, ако не повеќе, јас така ја разбирам расправата по текстот на Предлогот на законот, да го искаже ставот на своите пратенички групи, како што впрочем и тргна колешката Цветанка Иванова на почетокот на оваа расправа.

Затоа, во контекст на ова, да не го трошам и вашето време, апсолутно уште еднаш ќе кажам, подршка од нашата пратеничка група на предложениот закон. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Во однос на вашиот процедурален предлог, морам да ви кажам дека единствен процедурално исправен начин да се продолжи седницата е предлог за продолжување и тој да се изгласа.

Бидејки немам таков предлог, продолжуваме со ова темпо. Ги почитувам вашите апели тоа да биде пократко.

Бидејки е сега мојот ред да зборувам, јас ќе се трудам да бидам најкраток што може да биде, ќе прескочам се освен некои ветувања.

Почитувани пратеници, како што знаете јас многу ретко земам збор и секогаш чувствувам потреба да објаснам зошто земам збор, не знам зошто.

Овој пат сакам да ви кажам дека потребата, диктирана од едно мое внатрешно, би рекол, празнично чувство за кое говорев во теков на денешниов ден, за една огромна морална и би рекол, интелектуална промена што се случува во макеоднското општество и македонската држава, со носењето на овој закон. Уште повеќе, со консензусот околу овој закон.

Затоа сакам од овде, од оваа говорница да им порачам на злобномислечките секојдневни крокодили кои плачат над судбината над македонското општество и на македонската држава, дека општество и држава, сеедно колку е тоа мултиетничко, колку е мултирелигиозно, колку е мултикултурно, кое може на ваков начин да дојде до консензус за еден ваков закон, е здраво и силно општество со голема иднина. Тоа сакав да го кажам како вовед на моето излагање.

Истовремено сакам, заради настанатата ситуација, да му се извинам на господинот Шпетим Положани, од кого барав дозвола да прочитам едно негово писмо до мене, а за да не го изневерам бидејки му дадов збор, најкраток можен пасус од тоа писмо би сакал да прочитам:

“Јас ќе го насликам во зборови мојот случај:

7 месеци поминав во Истражен затвор, иако закон предвидуваше 6 месеци. Во Истражниот затвор во Охрид, кој не беше истражен затвор, поминав 7 месеци во келија од 3 метри квадратни, без светлина, без никаков контакт со семејството, без никаков весник, за да разберам што се случува во живиот свет. Морав да кинам употребени парчиња од весници од ЊЦ . Скоро секој ден моето семејство носеше храна и облека, а јас од тоа не добивав ништо. Неколку пати врз мене беше применувана таканаречената социјалистичко-будистичка тортура (ова дури и не го разбирам) каде бев приморан три дена и три ноќи да стојам на нозе. Калоричната вредност на храната не изнесуваШе повеќе од 50 калории дневно. Бев врзан за радијатор, пцуен, понижуван и што не друго”.

Ова ви го прочитав само да видите колкав е моралниот и интелектуалниот пресврт што се случува овој ден во нас. Овој ден случајно, затоа

што тоа е случајно на дневен ред, но ова се случува цела една година, една таква катарза.

Ќе ви прочитам само уште еден документ, чија што жртва нема да ја именувам. Нема да ја именувам од јасни причини ни државата каде го најдов овој документ. Се работи за аутопсија на една жртва на прогоните, за која е јавно објавено дека скокнала низ прозорец од трети кат. Послушајте ги овие ужасни детали, да видите што значи еден кодош. Зад секој ваков случај стои најмалку еден кодош.

Жената која скокнала од трети кат изгледала вака:

“Аутопсија:

Рани од куршуми и од нож.

Сите нокти на стапалата од обете нозе се откорнати.

Три прста од левата рака се отсечени.

При вториот зглоб ушите се отсечени.

Јазикот е откорнат, а забите извадени.

Десната града е отсечена.

Од половината е одрано парче кожа широко 5 сантиметри”.

На чело на оваа држава стоел човек. Само толку.

Понекогаш, треба да се сетиме што може човекот да направи. А, на чело на оваа трагедија, за која ви читав, има повеќе документи. Но, времето не дава. Во секоја ваква кавалкада на ужаси, на чело стои еден кодош.

И, за да завршам, треба да ви кажам дека во оваа сирота Македонија уште во времето на нашите Илинденци еден вол чинел 4 лири, а еден предаден комита чинел 5 лири. Благодарам на вниманието.

Повелете господине Трајанов, вашиот ред е.

**Павле трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сум еден од предлагачите кои сугерираше, ако е можно да завршиеме што побрзо, бидејќи повеќе од јасно е дека овој закон има широка политичка подршка.

Ќе го искажам ставот на Демократскиот сојуз, став дека го подржува Законот за лустрација. Само сакам да укажамнеколку работи.

Дека, во сите држави каде се донесе ваков закон, никаде не се успеа тој закон да биде усогалсен со правниот систем, со Уставот. Затоа повеќе верувам дека се работи за една политичка одлука, еден политички консензус помеѓу сите политички партии за расчистување со минатото.

Меѓутоа, ние нема да ги решиме сите проблеми, сите прашања, ниту пак да помогнеме на оние случаи што ги прочита и претседателот Љубиша Георгиевски.

Затоа мислам дека треба да сугерираме, да предложиме, Владата на Република Македонија да подготви закон за рехабилитација, за сатисквакција на сите жртви на стариот систем, значи закон преку кој ќе можат да си ги остварат своите права, ако не правата, барем до некаде нивните семејства да бидат рехабилитирани и сигурно поединците кои што настрадале од системот. Но исто така, во расправата сугерирав покрај соработниците или како што еве популарно се нарекуваат кодишите, соодветна одговорност да сносат и нарачеталите. Оние по чии наредби работеле тајните служби, односно соработниците.

И третата категорија што ја предлагав тоа беа корисниците на овие информации.

Господине Љубиша Георгиевски немало да настрада никој само од кодошење ако непостоел систем, ако не постоеле луѓе што ги собирале, користеле, и ги злоупотребувале таквите информации, свесни дека се работи за подметнување за неточни работи.

Мојата изјава беше, освен овие две категории да се вклучат во овој закон и корисниците на информации, но тука пред се мислев на оние корисници кои што биле носители на високи државни и политички функции од 1944 и 1945 година до сега. Затоа што вакви информации согласно Уставот на СФРЈ, на Република Македонија согласно Законот за внатрешни работи, Законот за основите на државната безбедност, согласно одлуките, корисници на информации од тајните служби и од соработниците биле меѓу другите да напомнам само претседател на држава, на Влада, на Парламент, министер за внатрешни работи, одбрана, надворешни работи инт. Но често пати корисници на вакви информации биле и претседатели на Врховни судии, најчесто ваквите информации и информациите од системите за прислушување се доставувале до судот во одвоени коверти. И врз основа на тие информации се носени одлуки за ликвидација, за дискредтација на голем на граѓани, или според проценките на над 14 илјади или повеќе, барем према проценките колку досиеа политички постојат во државата.

Но без разлика на се, сакам на крај да скусам од дискусија, дека овој закон го поддржувам и се надевам дека со овој закон ќе се исправат многу работи во нашата историја што биле до сега направени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Трајанов.

Госпоѓа Зумрете Јакупи не е присутна, затоа, збор има господинот Игор Ивановски, повелете.

Се повлековте, добро.

Господинот Рафис Алити, не е тука.

Збор има господинот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Почитувани пратеници, би сакал накратко да кажам, бидејќи пратениците дебатираа во текот на денешниот ден во однос на законот кој е во втора фаза, Законот за лустрација. Јас нема да кажам нешто значајно освен што ќе се заблагодарам јавно со јавна благодарност до сите пратеници кои го поддржуваат овој закон, затоа што ценам дека дискутантите, односно

претходните говорници, колеги пратеници од секоја политичка партија го поддржаа овој закон. Како да не бидам задоволен од искажаното и среќен поради нивните дискусии, кои го поддржуваат овој закон.

Сакам накратко да кажам дека требаше многу работа и голема работа за да дојдеме до консензус овој закон да има поддршка од сите парламентарни групи. Секако, законот не ги исполнува сите максимални можни критериуми да биде закон каков што треба да биде, но мислиме и се надеваме дека Комисијата која ќе се занимава со прагматични работи, Комисијата која ќе се формира и ќе врши своја работа на максимален начин и ќе се ангажира овој закон дас биде во поефикасна употреба и примена и да го има тоа што сите пратетници го посакуваат, значи да ги вгради сите барања на пратениците. Не би сакал да должам од причина што мислам дека претходните говорници ги искажаа своите ставови и не би сакал да се повторувам во поглед на голготата на монизмот, страдањата и доживувањата на секој граѓанин кој го почувствувал на сопствена кожа и членовите на семејствата кои страдале во разни зандани, затвори и прогони на лица кои биле прогонувани, перманентно од системот. Би сакал дефинитивно да го поддржам овој закон и еве сега е моментот и во име на ДПА да го поддржиме, да му дадеме целосна поддршка на овој закон, да го донесеме истиот со надеж овој закон да биде спроведен и во праксата. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Господин Абдулади Вејсели не е тука, господинот Сафет Незири не е присутен, господинот Даут Реџепи не е присутен.

Има збор господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Навистина ќе бидам кус, бидејќи точно за оваа дебата во првата фаза дискутирав и почесто и побројно и јас сакам да го изразам своето задоволство што колку толку можеме да постигнеме консензус околу законскит текст. Но, она што ми создава сериозна дилема е дали ќе успееме дас постигнеме практичен и конкретен аспект во спроведувањето на овој закон. На начинот на кој што се водеше оваа денешна дебата имам чувство дека оние кои можеби најмногу профитирале од поранешната држава имаат најмногу потреба истата таа држава да ја оценуваат. И навистина не можам да разберам од каде толкава потреба кај претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски на пример кој што беше многу истакнат претставник на поранешниот социјалистички систем да се обидува истиот да го оквалификува и и колективизира до оној степен да каже дека сите кои што ја граделе државата во изминативе 45 години работеле против сопствениот народ. Тоа не е точно. Или пак кога ќе ги слушнам дел од колегите албански пратеници да речат дека се што се случило во изминативе 45 години било против албанскиот народ. Или пак да ги слушнам дел од коментарите, коментарите на дел од пратениците на ВМРО ДПМНЕ дека се само тие условно репресираните во овој изминат систем.

И по мојот стаж како политичар, но и како граѓанин физички на оваа држава, на оваа територија, апсолутно сум растоварен и објективен во пристапот кон оваа работа. И сакам до крај да се расчистуваат работите за кои ќе се докаже објективно дека значеле кршење на човековите права и слободи, ама со име и презиме, без пардон, па тогаш во едно Кавадарци да разговараме во име и презиме која била улогата на многу луѓе, сега истакнати членови на ВМРО ДПМНЕ, па да разговараме во Тетово кои се тие Албанци кои соработувале со многу странски служби, па и со домашните. Жалам што во овој закон не ги расчистивме до крај комуникациите на овој тип и на оваа структура на луѓе со албанската служба, со бугарската служба, со поранешната југословенска, а српска служба, со грчката служба, па да видиме како одредени луѓе под превезот на критиките за голем број на наводно соработници, а некогаш и со право соработници, се обидуваат да се исперат од сопствениот дел од историјата. Да се разбереме, во секоја историја има добри и лоши луѓе, има добри и лоши моменти и треба да ги расчистуваме старите хипотеки, ама не смееме во целата таа работа во желбата да ги индивидуализираме случаите да се однесуваме како што дел денес разговара, комунистички, колективистички, кажувајќи дека сите биле вакви или сите биле онакви. Криминалот, кршењето на човековите права и слободи, доушниците имаат име и презиме и тие имаат во себе диференцијација. Некој тоа го правел затоа што бил убеден, некој тоа го правел затоа што немал друга опција, некој тоа го правел затоа што сакал и ќе мора да има сериозна разлика во пристапот. Мора да има сериозна разлика во градењето на идната колективна меморија на оваа држава, во која што апсолутно не можам да се согласам на 60 години скоро постариот претседател на ова Собрание од мене да кажува и да чита две писма и врз база на тоа да се обидува минатото да го направи црно, не баре доаѓаме и излегуваме од зандани, а во исто време со опфатот на годините кој што денес го затвораме - луѓе, да се разбереме, ставаме рамки од 1944 година до денес. Да се обидеме во историските читанки да заборавиме што правеле пак доушниците на бугарските окупатори до 1944 година. Кога јас ќе отидам во Дебарца, ми споменуваат дедовци на актуелни министри и пратеници, нема сега да ги споменувам, исто како што некој од ВМРО ДПМНЕ со право може да рече заради сопствената фрустрација и факти за некој кој што бил актуелен и валиден во тој временски период, ама тие имаат име и презиме и со нив комлетно треба да се расчистува. Тука нема наследство никој посебно како колективитет, ниту наводно ВМРО, ниту наводно СДСМ, ниту наводно некоја друга политичка партија. И ако утре успееме да направиме една сериозна комисија, која што ќе биде принципиелна, која што ќе биде објективна, која што ќе биде фер во својата работа, ќе имаме

сериозен успех, бидејќи денес ние завршуваме еден процент од целата работа. Ако била идеата наводно да завршиме само со законски текст, тогаш не сме ја завршиле целата работа и јас ќе дадам подршка и во натамошниот процес, заедно со моите колеги пратеници од СДСМ, да имаме еден здрав, прво здраворазумски состав на Комисијата која во целата работа ќе влезе растоварена, многу фер и отворено, бидејќи ако се отвораат работите со докази, со име и презиме за минатото што треба, тогаш ќе треба да ги отвораме и од нашето поблиско минато, па да видиме до каде тие ситуации завршуваат. Бидејќи, ако сакав да бидам, да ја насочам целата дебата ќе речам дека првата жртва, на пример жртва условно, или првата што треба да биде предмет на овој разговор можеби на идната Комисија треба во поновата историја да биде една Доста Димовска, актуелен функционер на оваа држава, која што можеби искористувала вакви механизми за кои јас не сум експерт, ги слушам како методологија од Павле Трајанов, а тој ги знае бидејќи работел таму, но тоа нема да го кажам и тука ќе застанам. И ќе упатам апел до сите нас да не сметаме дека сме ја завршиле лавовската работа со тоа што само ќе го изгласаме законот, ќе направиме катарза која не е оправдана според мене од два три говори, кои беа од типот на претседателот на Собранието Љубиша Георгиевски, за кои што мислам дека се врв на хипокризијата, искрено, тоа морам да го кажам и да сметаме е сега се прочистивме, и од сега сме нормалните, а до вчера бевме ненормалните. Не, тоа не е добар пристап и примерите за кои што говоревме пред година дена на нашите други држави од поранешнот комунистички систем ние не бевме дел од поранешниот комунистички систем, но условно еве социјалистички, ги кажуваат каде беа грешките и треба да учиме, ако сме паметни, на нивните туѓи грешки, за да не ги повториме, надевајќи се дека она што условно ќе го лустрираме во следниот период ќе биде урнекот за да не ни се повтори во следниот период. Тоа го прави паметна држава. Бидејќи овој закон ќе биде успешен само ако ги спречи механизмите, методологијата, кои поединци ги злоупотребувале во минатото, ама за жал, тоа минато не ни е толку далечно. Тоа ни се случуваше, дел, и по независноста на Република Македонија.

Токму затоа, лично ќе бидам жестокиот поддржувач на овој закон само ако биде објективен и фер до крај. Во спротивно, тој ќе се врати како бумеранг, не на оние кои ги изгласале, не на нас 120, ќе ни се врати како држава која неколку пати не успешно ги преживувала своите можности за национално и етничко или интеретничко помирување. Овој процес ќе треба да даде условно стабилизација ако паметно се изведе и меѓу Албанците и Албанците, и меѓу Македонците и Македонците, и меѓу сите претставници на етничките заедници. Го утнеме ли, сме направиле дупло голо, а одговорноста ќе биде пред се на таа Комисија која ги спроведува и на нас како Парламент да го создадеме амбиентот дека тоа што ќе се спроведува ќе биде навистина издржано, фер и објективно и затоа пратеничката група на СДСМ ќе го да де својот глас за овој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ивановски.

Сега на Собранието му предлагам да работи до завршување на оваа точка.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 69 пратеници во салата, гласале 59, од нив 54 за, воздржани нема, против 5.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Продолжуваме со работа.

За реплика се јави госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван господине Игор Ивановски, жалам што денес со нас не го делите нашето чувство, иако мислам дека има основа и во вашите редови да најдете разбирање за она што денес се случува. Можеби вам ќе ви изгледа патетично или можеби романтично, но јас на себе го преземам тој ризик да ви кажам да, за мене е најважниот историски ден во овој парламентарен мандат денес, затоа што тешка е борбата, не дај боже да го почувствувате тоа. Не дај боже некој ваш близок да го почувствува тоа. Тогаш ќе знаете како ќе биде тоа. Но јас сакам да се доискажам, тешка е борбата со тоталитаризмот, тешка е борбата со авторитатизмот. Јас се согласувам дека не беше се црно во изминатиот период. За мене лично не било се црно, но има многу други за кои имаше и многу добри работи и во оној период. Македонија и во тој период напредуваше, но и во тој и во овој период има и српски и бугарски и грчки и не знам какви не шпиуни. И навистина дека некои трпеа, ама некои Македонци повеќе трпеа од другите и некои Албанци повеќе трпеа од другите и тоа е историски факт низ кој вие политички не можете да се борите. Јас не велам дека немало некој кој можеби сега се наоѓа во СДСМ таков, ама таквите се малку. Во овој ред и во оној ред се оние кои повеќе го истрпеле тоа. Но, тоа во овој момент не е важно воопшто. Важно е што овој Парламент вклучувајќи ве и вас и вклучувајќи ве и сите овде најдоа сили да тргнат по патот на демократијата, да тргнат по она што навистина значи раскрстување со темните, со црните сили на она што не чинеше во целиот изминат период на оваа наша кутра и тешка историја. Значи ние сме обврзани да носиме демократски закони.

Јас искрено се надевам дека Владата ќе покаже капацитет да го спроведе така како што треба овој закон, не така како што песимистите предвидуваат. Тоа е голема опасност. Можно е такво нешто. Но затоа тука е Собранието да го контролира тоа. Согласна сум дека исклучително важен е изборот на луѓето од Комисијата, исклучително важен, ама јас сум сигурна дека во овој Парламент во оваа држава има толку

демократски капацитети кои ќе можат да спроведат така како што треба.

Јас се надевам дека со донесувањето на овој закон, а и со работата на Владата понатаму, конечно ќе престане ханибализмот меѓу сите граѓани на оваа земја, и меѓу оние што седат во редовите на ВМРО ДПМНЕ и оние што седат во редовите на СДСМ и меѓу оние што седат во редовите на ДПА и меѓу оние што седат во редовите на ДУИ и меѓу сите други кои не биле политички активни а нанеле многу повеќе зло од сите можни политичари во оваа земја. Благодарам.

**Бесим Догани:** Повелете господине Ивановски една минута контра реплика.

**Игор Ивановски:** Немаме големи разлики колешке Јаневска, но јас говорам околу пристапот и перцепцијата што сакате да ја наметнете. Тоа што вие заедно со другите доаѓате од партии што го ставиле или го злоупотребиле предзнакот ВМРО, вас априори не ве прави жртва, или априори херои, или априори повеќе патриоти од тоа што сме ние. Извинете и патриотизмот и предавството имаат име и презиме. И жртвите имаат име и презиме.

Инаку, госпоѓо Јанвевска оваа држава и оваа почва исцрпела многу работи. Ние имавме ситуација, како што велите вие во средината, или вие од Народна партија, или независни, од другата страна, не ве споменувам лично, вие бевте уверени во добар временски период од 4 и повеќе години дека најголемиот херој на оваа држава е Љубчо Георгиевски, на пример, и тоа никој не ви го оспоруваше, но истиот тој после година дена зема бугарски пасош. Јас само не сакам да се доведеме во ситуација да се забега во злоупотребата или во кроењето, како што секој сака, на историјата или лепењето на орденитe и одземањето на другите. Вистината треба да излезе до крај. Само за тоа вреди да се бориме и ќе се бориме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ивановски.

За реплика се јави господинот Гарип Каба, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам потпретседателе.

На индиректен начин, колку што разбрав, господинот Игор Ивановски се стави во заштита на минатото и на еден начин го оправда нашето минато. Јас би го оспорил неговото мислење бидејќи можеби минатото беше една градина со цвеќиња, но по сите изгледи на господинот му се допаѓаше тој период од нашето минато, бидејќи тој сигурно растел во светлоста на денот и големите раскоши. Вие господине не сте ја доживеале голготата, не сте ги доживеале страдањата и да видиш што значи да страдаш. Значи говориш во име на тоа што ти си го доживеал од твоето раѓање до денес. Но би било добро да не правиш такви споредби затоа што минатото, од 1990 година наваму, има поинаков пристап и мислам дека денешниот ден ќе биде еден празничен ден и не треба работите да се гледаат на начин на кој што вие гледате. Јас мислам дека оваа седница има свечен карактер и не е упатно да критикувате и да правите ретроспектива, да ги критикувате жртвите од Тетово и другите жртви Македонци што не е добро да се спомна од ваша страна.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Ивановски.

**Игор Ивановски:** Жалам господине Каба што веројатно сте одлучиле да не ја прошириte историјата на македонската држава во изминатите 17 години, во изминатите 45 години и претходно во други периоди, онака како што е објективно напишано.

Уште еднаш ќе повторам господине Каба има добри и лоши, по име и презиме граѓани на оваа држава. Тоа не ги прави едните ни полоши Албанци, другите ни подобри Македонци или обратно и сите останати. Се надевам дека вашите лоши искуства, јас не ги знам за вас, се извинувам, гледам дека сега добро живеете, ама ако имате лошо искуство ве молам со име и презиме и со потпис, да ги пријавите до Комисијата и Комисијата веднаш по нив да постапува. Јас знам многу работи за вашите колеги. Тие се објективно утврдени факти, но за да биде ова сериозно свечен ден, вечерва нема да ви зборувам. Но, можеби ако ме побараат некогаш во некоја постапка да ги дадам информациите, тоа ќе го сторам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

За збор се јави господинот Даут Реџепи.

**Даут Реџепи:** Благодарам господине потпретседателе.

Не е случајно што се пријавив за дискусија.

На почетокот сакам да истакнам дека една работа која се остава на пола е можеби полошо отколку воопшто да не се почне. Но, во овој случај се работи за еден добар почеток со што се остава надеж дека постепено луѓето односно слугите и тие што имале придобивка од туѓата несреќа, можеби врз основа на тоа што ќе им се импонира од нивниот круг, оваа пракса да ја прекинат во што ќе им помогне и овој закон.

Сепак јас имам забелешка во однос на овој закон затоа што доколку направиме еден паралелизам, тука се создаваат превенирачки механизми на службеници во одредени институции кои се занимаваат со ова прашање и кои продолжуваат во име на “соработници”, односно шпиуни, да профитираат и од Буџетот на соодветното Министерство, потпирајќи се на нивното искуство од југословенски модел, затоа што на клучните позиции и натаму остануваат токму истите лица кои имаат еден стаж, кои што биле и унапредувани во име на тоа што тие го нарекуваат успех односно преку осуди, преку монтирање и преку ликвидирање на Албанци и тоа правејќи го тоа на контуиран начин.

Во овој случај би сакал да ги разбистрам умовите на определени коњуктури затоа што во југословенскиот систем од почетокот на Втората

светска војна, Албанците прво беа измамени и искористувани, а потоа и на континуиран начин им била нанесувана штета. Тука ги опфаќам сите, како осудите, прогонувањата, како и физичките ликвидирања. Затоа конкретно сакам да додадам уште една точка.

Во тоа време беше измислена југословенската нација и под оваа нација беа регистрирани, тоа беше еден врв на југословенскиот патриотизам. Ние не можеме да ги затвориме очите пред овој факт.

Во продолжение на овие коњуктури ние имавме и имаме политички субјекти кои се директни наследници, кои не се разликуваат од начинот на работа во тој период, во врмето на тоа што се нарекуваше Југославија.

Тука не случајно се спомнуваат Албанците затоа што тоа така и е односно Албанците кои беа најмногу прогонувани, тука да ги спомнам и балистите каде претходниот говорник Ивановски се обидува на мек начин односно на млак начин да ги одбрани делата на определени коњуктури односно југословенските коњуктури кои до вчера делувале конкретно, а денес на определени места, луѓето кои се на клучни позиции, продолжуваат со старата пракса. Затоа во рамките на тоа, не поминувајќи на моја реплика на терминот балисти, мислам дека треба да се воспостават превенирачки механизми со цел да не се продолжи на овој начин на делување во иднина односно во југословенски стил.

Вистина е дека кај Албанското население имало и партизани и балисти. И двете страни имале визии, двете страни биле убедувани од средините каде живееле, двете страни размислувале добро за нивната иднина и тие што биле во редовите на партизаните верувале така како што им било ветувано, дека после ослободувањето Албанците во Југославија ќе бидат еднаков народ и балистите кои биле можеби по острумни и не им верувале на тогашните југословенски раководни структури затоа што имале горчливо искуство и во текот на Кралството на СХС и не им верувале, ги создале своите организации за една етничка Албанија што за тоа време за потребите на народот било оправдано бидејќи, нормално дека тука, во другиот случај шеф би бил Југославија односно Србија. Историски гледано се знае колку пропатиле Албанците од српското владеење. Во овој контекст мислам дека треба да се знае малку историја за да се одбранат тезите за штетите што се нанесени на друга заедница, обвинувајќи некого без основ. Во овој случај мислам дека македонската јавност беше многу свесна во текот на изминатите парламентарни избори и се даде јасна слика дека македонското население знае и заземало добра насока односно се има разоткриено југословенскиот систем кој пред се се занимавал со догматизми, фрлајќи прашина во очи на народот цел овој 60 годишен период, преку измислување и монтирање на случаи итн. Затоа се надевам дека и Албанците ќе се освестат и ќе се ориентираат во насока во која треба да не ги прифатат манипулациите и еднаш за секогаш да се дистанцираат од органите кои продолжуваат да се инкорпорираат во структурите кои водат кон пројугословенските методи.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Реџепи.

За збор се јави предлагачот господинот Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, почитувани колеги,

После година и пет дена водење на оваа постапка, дојдовме при крај и се надевам сега ќе го донесеме законот.

Овој закон треба да го сфатиме не како прилика само да не потсетува на минатото и поделбите да ги зајакнува, туку да биде едно наше вистинско свртување напред и нашата способност, вака, од почеток до крај да одиме со консензус да бараме решенија и да одиме преку овој закон, мислам дека не упатува на тоа, ако се зафатиме за вистински теми и ако сакаме да си ја градиме државата, да го јакнеме општеството, а тоа покажува дека е интерес на сите политички субјекти и се покажува нашата сила.

Духот во кој денес работевме, степенот на разбирање со сите оние кои поднесоа амандмани, како се разбравме и на висок степен постигнавме единство тука, ни укажува на тоа дека ние навистина добро сме ја работеле работата и добро мислиме да ја изработиме оваа работа.

Прва задача сега ни е да ја составиме Комисијата, да не се губи време околу тоа, да не се гаи илузија дека таа Комисија треба да биде инструмент на оваа или онаа политичка опција. Целиот овој процес не е партиски процес. Овој процес е процес на јакнење на општеството. Во тој контекст јас би завршил и очекувам што побрзо да гласаме.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Андов.

Повелете госпоѓа Божиновска, имате збор.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Господине Андов со вас учествував во многу дебати, чувствувам потреба лично да ви се заблагодарам за она што макотрпно како овластен предлагач, го издржавте во оваа година и пет дена. Бескрајно ви благодарам за вашиот многу серозен политички беглранут кога навистина секогаш во тешките мигови на нашата држава Република Македонија, сте имале неверојатен сенс. Искрено ви благодарам за Предлог законот. Сакам да се заблагодарам и од името на 50-те илјади репресирани на кои во овој историски миг им правиме и слава и част.

Благодарам и на опозицијата и на позицијата, на сите конструктивни забелешки. Навистина на моменти имавме спротиставени ставови но сите сме со консензус. Благодарам на луѓето кои ги правеа дебатите во Континентал и на сите аналитичари и стручњаци кои влегоа во предлог и на првата и на втората фаза.

Значи, овој парламентарен состав одигра една голема историска улога. Направивме чест кон 50-

те илјади репресирани, но и етички морален чин кон семејствата на оние што ја љубеа државата Република Македонија, оние што од патриотизам беа репресирани. Затоа во овој миг би сакала, во контекст на она што го говореше претседателот да напоменам неколку реплики:

Кога Ченто, првиот претседател на ова Собрание требало да го прашаат минувачите во прилепските улици, не смеел да се заврти и да им одговори. Им рекол, еден ден, се надевам дека ќе узнае државата - колку ја љубев Македонија.

Вториот репресиран Павел Шатев, кога случајно на пазар пошол, еден човек го прашал кои сте вие. Не смеел да одговори, но сакал симболично да му пренесе и одговорил - јас сум последниот македонски гимиџија.

И третиот на кој се сеќавам на репликите, е еден од најголемите лирски македонски автори Јован Котевски. Кажува дека еден ден сакам да ме закопате долу да не го сетам студот на туѓите. Но, оние што ќе узнаат за тоа како бев репресиран во Идризово, да дојдат и да ми запалат свеќа ламбада. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Има збор господин Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Уште од почеток ќе кажам дека нашата парламентарна група го поддржа овој закон, го поддржавме со нашите потписи кога почна оваа постапка и секако дека имавме наши забелешки, сугестии, и за среќа нашите забелешки наидоа на разбирање од предлагачот на овој закон. И ние сме убедени дека навистина денес ќе изглсаме еден добар закон. Секако нема совршен закон, но, велам ќе изгласаме еден добар закон и ова нешто ќе го направиме со убеденост дека навистина вршиме една добра работа. Велам, кај нашата парламентарна група има доза на резерва. Ова го велам во однос на спроведувањето на овој закон. Би било добро тие кои што во иднина ќе го спроведуваат овој закон да не ги прават грешките направени во минатото, да немаат селективен пристап кон примената на овој закон, затоа што секоја злоупотреба од оваа природа сигурно дека ќе отвори нови дилеми, или во иднина и други иницијативи. Значи, и тие кои условно велам за кои не верувам, но ако се случи да имаат селективен пристап, еден ден да излезат пред правдата, затоа што злоупотребата е злоупотреба, без оглед на тоа од кој систем произлегува, или од која политичка гарнитура се врши истата злоупотреба. Ние како парламентрна група секако дека ќе го гласаме овој закон, ќе ја дадеме нашата поддршка. И уште еднаш ќе нагласам ние сме убедени дека и остануваме со надеж дека вршиме добра работа, иако еден ваков закон требаше да се донесе уште порано. Но, народот вели: подобро подоцна, отколку никогаш.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, три работи сакам да кажам на почеток. Прво, ќе гледам да бидам максимално краток, почитувајќи ве сите вас. Второ, ќе гласам за законот. И трето ќе кажам издвоено мислење од ставот на пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ. Следејќи ја расправата за законот во изминативе скоро година дена во која што законот од идеја го донесовме до тука да за некоја минута го усвоиме. Од едноставна причина што оставив на луѓето, на актерите кои што повеќе се запознати со проблематиката, на луѓето кои што повеќе ја познаваат оваа материја и кои што директно, или индиректно учествувале во процесите, односно во она на што се однесува законот да говорат, да го измоделираат законот и денес да добиеме закон со кој што ќе направиме лустрација. Како најмлад тука би сакал да ви кажам искено дека не верувам во големите ефекти на овој закон од едноставна причина што слушнавме многу во изминатиот период, слушнавме многу глорификации, слушнавме многу говори во кои што имаше, дозволете ми да кажам дури и лицемерија, дури и патетика. Но, она во што не верувам е дека ќе се случи она што го очекуваат македонските граѓани, а тоа е комплетно да завртиме нова страница од историјата на овој народ, работите да излезат на виделина, да тргнеме од точка нула и да ја градиме државата понатаму. Тоа нема да се случи и нема да се случи од многу едноставна причина, заради тоа што трансформацијата на секој систем, а овој закон се однесува на еден поранешен систем. Значи, повторувам, трансформацијата на секој систем ја прават структурите кои што во претходниот ситем во тој момент на трансформација биле на власт и структурите не изумираат. Јас можам да ви кажам историски примери. Така било со францускaта буржуаска Револуција кога од среден век се преминувало во буржуазија, така било кога од буржуазија се преминувало во индустриски капитализам, така било кога капитализмот во Источна Европа преоѓал во комунизам, така беше во источна Европа кога комунизмот преминуваше во демократија или помодерна верзија на капитализам. Тргнете од Македонија и ќе видите дека поголемиот дел луѓето кои што ја донесоа независна Македонија, беа луѓе со високи функции во поранешниот систем. Тргнете од Македонија и ќе видите дека повеќето луѓе кои што ги приватизираа македонските фирми кои што се најбогатите луѓе во Република Македонија, се луѓе кои што беа на високи позиции во петходниот систем. Прошетајте по Водно и ќе видите дека најубавите куќи во Македонија се на луѓе, или на деца или на внуци на луѓе кои што биле на високи позиции во претходниот систем. Погледнете во Парлсментот и ќе видите дека голем дел од елитите во Република Македонија се од претходниот систем, видете ја и професорската елита, интелектуалната елита и ќе видите дека 90% се од претходниот систем. И во тоа нема ништо лошо, заради тоа што секоја држава се гради скалило по скалило, секоја

држава се гради чекор по чекор и очекувањето да се прават чекори од 7 милји, очекувањето да се прават огромни гигантски скокови, едноставно треба да го избришеме. Заради тоа што за да има лустрацијата смисла онаква каква што очекуваат жртвите на комунизмот, онаква каква што очекува народот, треба оваа држава да не потои, заради тоа што ако ги избришеме сите, тогаш веројатно ќе нама кој да ги води институциите, заради тоа што ако ги избришеме сите кои што биле во претходниот систем, веројатно нема да го има ниту Собранието, ниту Владата, ниту институцијата Претседател, ниту градоначалници, ниту професори, ниту бизнисмени, ниту МПЦ, ниту ништо. Жалната поента од целата оваа работа е дека нешто ќе се случи, но нема да се случи онака како што веруваме. Сватете го ова како една доза на искреност и еден излив на искретност кој што сакав да го поделам со вас, кој што ме мачеше овие денови и кој што сакам сите да го примите. Ќе гласам за, заради тоа што верувам дека малку работите ќе се поправат. Но, ќе остане длабокиот сомнеж во мене, заради тоа што трансформациите не се случуваат катардично и сите кои што тврдат дека е така, сите кои што веруваат во Армагедон, едноставно или погрешно веруваат, или не лажат сите нас. Ви благодарам и да ни е со среќа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски.

За реплика се јави господинот Зоран Витанов.

**Зоран Витанов:** Ви благодарам почитуван потпретседателе.

Навистина најискрено немав намера да дискутирам. Вие сте сведоци, јас дури и си ја повлеков најавената дикусија во интерес да завршиме порано. Меѓутоа, сепак, јас припаѓам на оние кои што сметаат дека ова е свечен чин. И не сакам вака да се затвори дискусијата, а бидејќи најмладиот покажува во овој состав на Парламент најголем песимизам по однос на овој закон, ќе се обидам еве, на младешки јазик да му објаснам дека тоа сепак, не е така, како што го зборуваше и ќе објаснам зошто е потребно да се донесе овој закон, на навистина младешки, да не речам дури и техно јазик.

Значи, господине Александар сватете го носењето на овој закон како инсталирање на општествен антивирус каде што во системот имаме кочење, неработење, имаме инсталирани вируси, спауер кадешто информации се пренесуваат на друго место во системот, надвор од системот итн. Со овој закон за дополнителен услов за извршување на јавна функција познат како закон за лустрација, всушност активираме општествен антивирус програма кој што треба да го исчисти општеството од идни кочења, бидејќи сите ние сме сведоци дека Република Македонија иако премина во нов систем токму поради тоа што и вие кажавте дека структурите останаа и кодошите и кочењата во имплементирањето на законите останаа. Затоа ова нека биде свечен чин и конечно нека почне лустрацијата во Република Македонија, бидејќи доцниме со ова, многу држави од Источна Европа не претекнаа помеѓу другите причини токму и заради тоа што навреме се свестија и навреме се инсталираа и антивирус, а подоцна функционира и како фаервол за да не може да ни се инсталира било каков друг таков кодош во системот. Затоа апелирам едногласно ако можеме да го изгласаме законот, за да покажеме дека имаме волја да тргнеме напред и да гледаме кон иднината, а не кон минатото.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Потпетседателе, ќе бидам сосема краток, можеби помалку од три минути, бидејќи се согласувам би рекол во 99% со дискусиите кои што досега беа дискутирани. Но, тој 1% за кој што не се согласувам, очекував да реагираат оние кои што беа цело време вклучени во оваа расправа и кои што дискутираа по овој закон, а тоа е прашањето што денес во некои дискусии можеби изморени, или од желбата што побрзо да го донесеме овој закон, во некои од дискусиите забележиелно, или незабележително беа изедначени оние кои што во периодот од 1941 до 1945 година за времето на Втората светска војна беа на страната оние кои што беа за ослободување на Република Македонија и на спротивната страна. Сметам дека тоа прашање денес не заслужуваше овде да биде отворено. Но, јас со оглед на тоа што ќе гласам за овој закон, не сакам така незабележано да помине тоа прашање. Но, сега да не отвораме нови дилеми и нови расправи. Сакам да го искажам својот револт посебно од оние кои што активно учествуваа при донесувањето на овој закон кои што во најмала рака би рекол, не реагираа на некои од искажувањата и би рекол навредувачки на некои дискусии кои се однесуваа посебно на тој дел, на луѓе кои што без разлика дали биле во одредена партија, или не, но, кои што се бореле на страната против фашизмот во Република Македонија.

Од тие причини чувствував морална потреба да го кажам тоа, затоа што гледам овде многумина тоа го премолчија. Инаку, за законот ќе гласам за.

**Бесим Догани:** Има збор госоподинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Еве, јас ќе се послужам исто со еден техно јазик, да кажам дека апсолутно не верувам во инсталирањето на вакви антивируси во нашиот политички систем, особено од луѓе чии партии, чии министри што ги изгласаа и чии политички опции дозволија еден од најголемите кодоши преправен со информациска технологија во прислушкувач на приватните разговори на граѓаните, политичарите, новинарите, и сите други во Република Македонија, денеска да го наградат со наш дипломатски претставник во Софија. Ако имате антивирус кој сакате да го инсталирате сега, прво исчистете го тоа што сте го инсталирале пред 6,7 месеци или пред една година.Се додека тие луѓе што не прислушкуваа,

а за кој еден поранешен претседател со своето уставно овластување ги ослободи од затворска казна дефакто која им следеше заради неовластено прислушкување, ние ги наградуваме во Софија како дипломати, а се грижиме за оние 1948 или 1950 година што правеле. Јас не верувам во антивирусот во ова општество.

**Бесим Догани:** Реплика има госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Господине Поповски претпоставувам сте задоволен, сметајќи дека сте испровоцирале понатамошна дискусија. Не. Претходно вашиот потпретседател си зема за право да наименува личност за која апсолутно никој во оваа земја не спровел процедура на лустрација со докажување на одредени елементи за соработка со вакви, онакви, служби внатрешни, или надворешни. Сега вие го правите истото, правејќи некаква инсинуација, ако добро ја разбрав. Против ова јас лично се залагам. Согласна сум дека треба да се направи тоа што треба, ако го докажеме тоа што вие го тврдите, сите поединечно ќе можеме јавно преку гласилата, или можеби ќе нема таква потреба да се изјасни во однос на делувањето на поедини луѓе. Но, сега да го злоупотребувате овој закон кој треба да донесе голем придонес во демократијата на земјата, тука за да етикетираат одредени личности кои во извесен период ви биле политички противници, сметам дека е крајна злоупотреба, дека претставува влечење на некакви корени, методи и механизми од минатото кои на ваков суптилен начин ги провлекуваме и во ова општество. Затоа спомнав канибализам. Сега ќе си дозволам да речам и некрофилство. Да ги оставиме мртвите души да почиваат во мир, а канибализмот да престане. Затоа се носи овој закон, за имињата и презимињата, ама спроведени онака како што вие цело време сакате и велите дека треба да се спроведе. Значи, точно е тие луѓе имаат имиња и презимиња, ама за нив прво треба да ја спроведеме лустрацијата и тогаш да ги ставиме на столбот на срамот, а не произволно, или од политички, дневни потреби да ги распнеме на крстот, иако можеби тоа не го заслужува. Јас не знам, можеби да, можеби не. Ако вие знаете, повелете извадете ги доказите. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Госпоѓо Весна Јаневска, мене ми е јасно дека во вашата политичка филозовија секој што не мисли како вас е сениште од минатото. Меѓутоа, пред да ги осудиме тие зад нас, ајде да се осудиме себеси. Вие знаете дека јас бев на суд заради тоа што сум прислушкуван од оваа власт, вие знаете дека дадов исказ во суд и вие знаете дека се покрена кривична постапка која претседателот тогашен ја спречи со акт на помилување, аболиција. И кога јас сега ќе докажам дека бев политички репресиран и прислушкуван од луѓе кои вие ги поддржувате. Кога ќе докажам, бидејќи вие сега ја поддржавте Владата која ги назначи тие личности повторно ВМРО ДПМНЕ, повторно во Бугарија да имаат политички функции. Каде ќе докажам на аболиција. Ми беа кршени човековите права, полошо отколку да бев кодошен, прислушкуван директно на мобилен и фиксен телефон.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласаа 73 пратеника, сите 73 гласаа за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција.

Ја прекинувам денешната седница.

Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот со новата 97 седница. Ви благодарам.

(Седницата прекина во 18,28 часот)